ЦАРИНСКА УПРАВА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

30 Години

# ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ ЗА РАБОТАТА НА ЦАРИНСКАТА УПРАВА

2021

# Стабилност и континуитет во услови на пандемија со конкретни мерки за олеснувања на трговијата

Изминатата 2021 година Царинската управа заеднички со другите институции работеше на ублажување на последиците од пандемијата со COVID-19.

Во услови на нарушен проток на меѓународната трговија, што предизвика пореметувања во глобалните синџири на снабдување и намалена економска активност на компаниите, Владата на Република Северна Македонија, заедно со Царинската управа и сите органи и институции, презеде посебни мерки во областа на прекуграничната трговија, за да се обезбеди непречен транспорт на стока и олеснување на работата на компаниите во отежнати околности на деловно работење и сериозни последици од глобалната здравствена криза.

Царинската управа покажа способност за брзо прилагодување и проактивно делување, умешно реагирајќи на посебни и непредвидливи околности со адаптирана организациска поставеност, брзо процесирање на пратките со помош (намирници, лекови, медицинска опрема) и примена на интервентни мерки за ублажување на последиците од здравствената криза.

Преземените посебни делувања на национален план кореспондираа на националната среднорочна политика за поголема отпорност на економијата (2021-2025) втемелена на повеќе платформи што треба да обезбедат и економски развој и регионална соработка: паметен раст за закрепнување и одржлив развој на економијата, фискална консолидација, економски инвестициски план, зелена агенда и ревизија на постојните договори за слободна трговија.

Како посебни придобивки се издвојуваат воведените заеднички контроли, „Зелените коридори“ што успешно функционираат во регионот на ЦЕФТА со тенденција за проширување кон Бугарија и Грција, ревидирање на договорите за слободна трговија за повисок повластен третман и либерализација на трговијата.

Се делуваше мобилизирано не само на национално ниво, туку и на меѓународен план, во рамки на семејството на царинските служби обединети во Светската царинска организација, за да се обезбеди континуитет во синџирот на снабдување. Се работеше посветено на олеснување и поедноставување на граничните формалности со даден приоритет на оние извозни и увозни операции поврзани со стока од суштинско значење, со придржување кон принципите на пропорционалност, транспарентност и недискриминаторски однос во новите преземни погранични активности.

**С О Д Р Ж И Н А**

Стабилност и континуитет во услови на пандемија со конкретни мерки за олеснувања на трговијата . . . 3
I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА . . . 6
I.1. Царинската регулатива . . . 6
I.1.1. Царински закон . . . 6
I.1.2. Уредбата за спроведување на Царинскиот закон . . . 6
I.1.3. Царинска тарифа . . . 6
I.1.4. Закон за вршење на работи на застапување во царински постапки . . . 8
I.1.5... Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација . . . 8
I.1.6. Автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки – царински стапки . . . 8
I.2. Акцизи . . . 10
I.3. Заштита на права од интелектуална сопственост . . . 11
I.4. Друга регулатива што има влијание врз царинското работење . . . 11
I.5 Административни и технички работи . . . 12
II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА . . . 14
II.1. Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите . . . 14
II.1.1. Царина 2020 – Програма на Европската комисија . . . 14
II.1.2. Проекти . . . 14
III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА . . . 17
III.1. Вработување . . . 18
III.1.1 Престанок на работен однос . . . 18
III.2. Обуки и стручно оспособување . . . 18
III.3. Интегритет . . . 20
III.4. Внатрешна ревизија . . . 23
III.5 Систем за менаџмент со квалитет . . . 23
III.6 Наградување и унапредување . . . 24
IV. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА . . . 25
IV.1. . . . ИКТ инфраструктура 25
IV.2. . . . Интерни акти за поддршка на работењето 26
IV.3. . . . Поддршка на корисниците на ИКТ системите 27
V. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ . . . 29
V.1. Услови за спроведување на царинските формалности . . . 29
V.1.1. Меѓусебно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор . . . 29
V.1.2. Зелени коридори . . . 30
V.1.3. Заеднички контроли . . . 30
V.2. Е-Царина . . . 31
V.2.1. Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД) 31
V.2.2. Интегрирана тарифна околина (ИТО) . . . 32
V.2.3. Заеднички транзитен систем на ЕУ и ЕФТА земјите . . . 33
V.3. Обем на извршени работи . . . 33
V.3.1. Едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – EXIM 33

V.3.2. Царински и акцизни одобренија и лиценци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 33
V.4. Наплатени вкупни приходи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 35
VI. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 37
VI.1. ........................................................................................................Царинско разузнавање 37
VI.2. ........................................................................................................Управување со ризици 37
VI.3. ..................................................................................................Царинска и друга контрола 38
VI.3.1. Царинска контрола на влез, излез, транзит и во внатрешноста . . . . . . . . . . 38
VI.3.2. Контрола при царинење на стока . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 44
VI.3.3. Пријавени девизи . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45
VI.3.4. Царинска лабораторија . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 45
VI.3.5. Резултати од постцаринска контрола . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 46
VI.3.6. Преземени правни мерки за откриените неправилности . . . . . . . . . . . . . . . 47
VI.3.7. Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки . . . . . . . . 47
VI.3.8. Кривични пријави . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 47
VI.3.9. Царински, девизни и акцизни прекршоци . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 47
VI.4. ..........................................................................................Учество во меѓународни активности 48
VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА . . . . . . . . . 51
VII.1. Односи со јавноста . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
VII.1.1. Позначајни настани . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 51
VII.1.2. Меѓународна соработка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 53
VII.1.3. Меѓуинституционална соработка . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 55
VII.1.4. Соработка со деловната заедница . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 59
VII.1.5. Други иницијативи (на национално и меѓународно ниво) . . . . . . . . . . . . . . . 61
VII.1.6. Нови склучени договори и меморандуми за соработка . . . . . . . . . . . . . . . . 63
VII.2. Отворена царинска телефонска линија (197) . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . . 64

# I. РЕГУЛАТОРНА РАМКА

## I.1. Царинската регулатива

### I.1.1. Царински закон

Со Законот за изменување на Царинскиот закон („Сл. весник на РСМ“ бр. 110 од 19.5.2021 година) се изврши усогласување на прекршоците од Царинскиот закон со одредбите на Законот за прекршоци и се регулираа нови надлежности за водење на прекршочните постапки.

Новиот Закон за прекршоците („Сл. весник на РСМ“ бр. 96/19 од 17 мај 2019 година) за физичките и правните лица, како и за одговорните лица во правните лица пропишува максимални износи на глоби што се значително помали во споредба со максималните износи на глоби кои ги определуваше претходниот закон од 2015 година. Во Законот за прекршоците се определува и дека за прекршоци од областа на даноците, царините, јавните набавки, јавните финансии и јавниот долг може да се пропише глоба во поголем паричен износ од затаената давачка или износ на набавката, но најмногу во двократен износ. Оттука, а во насока на усогласување со цитираните одредби на Законот за прекршоците е донесен Закон за изменување и дополнување на Царинскиот закон. Со овој закон е пропишано прекршочниот орган на Царинската управа да ја има надлежноста за водење на прекршочната постапка по сторени царински прекршоци и за изрекување на прекршочни санкции за пониските износи, а за повисоките износи на глоби се определува судска надлежност, што е во согласност со одредбите на Законот за прекршоците.

### I.1.2. Уредбата за спроведување на Царинскиот закон

Уредбата за изменување на Уредбата за спроведување на Царинскиот закон („Сл. весник на РСМ“ бр. 179 од 4.8.2021 година) регулира еднообразна примена на критериумот за одобрување на статусот на Овластен економски оператор. Во делот на поблиските критериуми за одобрување на статусот се прецизира дека критериумот е исполнет кога ниеден управен или судски орган нема донесено одлука со која е утврдено дека едно од лицата (барателот, одговорните лица кај барателот за царински прашања и одговорните лица кај барателот или лицата кои имаат контрола над неговото управување) не сториле повреда во последните три години. Повредата треба да се случила во последните три години, без оглед дали управниот или судскиот орган донел одлука за тоа по истекот на тие три години.

### I.1.3. Царинска тарифа

Со донесување на Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2022 година („Сл. весник на РСМ“ бр. 268 од 03.12.2021 година) се изврши усогласување на Царинската тарифа за 2022 година со Комбинираната номенклатура на ЕУ за 2022 година (објавена во „Сл. весник на ЕУ“ бр. Л 385 од 29.10.2021 година), како една од обврските од одредбите на Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Северна Македонија и Европските заедници. Дополнително се вградени сите амандмани на Советот на Светската царинска организација (СЦО) усвоени на 29 јуни 2019 година за измена на Хармонизираниот Систем што почнаа да се применуваат од од 01.01.2022 година. Согласно овие измени во Царинската номенклатура за 2022 година, додадени се 689 нови тарифни ознаки и избришани се 405 тарифни ознаки.

Посебно распоредување во ХС е направено на специфични производи (инсекти, некои видови печурки, семки од бор и кора од африканска цреша) кои играат важна улога во однос на прибирањето на приходите, безбедноста на храната, основните човечки потреби и подобрувањето на квалитетот на животот.

Измена на номенклатурата има и во однос на супстанците контролирани врз основа на Кигали амандманот во Протоколот од Монтреал за супстанции што ја осиромашуваат озонската обвивка (Барање од Секретаријатот за озон). Воведени се нови тарифни подброеви за HFCs.

Воведени се нови тарифни броеви за стоки опфатени со Декларацијата за трговија на производи од информатички технологии. Видлива е промената и кај голем број на производи од високата технологија и тоа електричниот и електронскиот отпад, најчесто нарекуван е-отпад, како пример за класа на производи што претставува значителна загриженост за политиката, бидејќи тие производи учествуваат со висока вредност во трговијата.

Здравјето и безбедноста на луѓето исто така се опфатени со промените. Новите одредби за плацебо комплети за клиничко испитување за медицински истражувања овозможуваат распоредување на ваквите стоки, без да се поседува информација за состојките во плацебото, што ќе помогне во олеснување на прекуграничното медицинско истражување. Клеточните култури и клеточната терапија се производи што добија нови и специфични забелешки. За човечката безбедност, предвидени се голем број нови забелешки, особено кај стоките за двојна употреба и тоа во делот на токсини и лабораториска опрема.

Заштитата на општеството и борбата против тероризмот се важна улога за царината. Создадени се многу нови подбреви за стока со двојна употреба што може да се пренасочи за неовластена употреба, како што се радиоактивни материјали и биолошки сигурносни ормари, како и за предмети потребни за изградба на импровизирани експлозивни направи, како што се детонатори.

Извршено е трето, четврво, петто и шесто дополнување на основната Уредба за распоредување на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија (објавена во „Сл. весник на РСМ“ бр. 222/2020):

- **Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија** („Сл. весник на РСМ“ бр. 53/21 од 5.3.2021 година), со која се усвоени четири регулативи на ЕУ донесени во период од 1 октомври до 31 декември 2020 година, кои се однесуваат на распоредување на различна стока (сет од цевка за пиење со четка, конзервирани домати, пластична торба и уред за намотување со кабел);

- **Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредување на одредени стоки во комбинираната номенклатура согласно со регулативите на Европската комисија** („Сл. весник на РСМ“ бр. 135 од 21.6.2021 година), со која се усвоени четири регулативи на ЕУ донесени во период од 1 јануари до 31 март 2021 година, кои се однесуваат на регулативите за распоредување на различна стока (производ од стакло, електромеханички апарат за домаќинство, прибор за објектив и апарат за снимање или репродукција на слики);

- **Уредба за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура** согласно регулативите на Европската Комисија („Сл. весник на РСМ“ бр. 197 од 23.8.2021 година), со која се усвоени седум регулативи на ЕУ донесени во период од 1 април до 30 јуни 2021

година, кои се однесуваат на распоредување на различна стока (производ за забава, волфрамови прачки, пластична цевка за пливање, стапчиња од кермети, дрвена плоча со тркалца, алуминиумска модуларна конструкција и производ за кампување).

- **Уредбата за изменување и дополнување на Уредбата за распоредувањето на одредени стоки во Комбинираната номенклатура согласно регулативите на Европската Комисија** („Сл. весник на РСМ“ бр. 292/21), со која се усвојуваат четири регулативи на ЕУ донесени во период од 01.07.2021 до 30.09.2021 година, кои се однесуваат на распоредување на различна стока (возило со четири тркала со електричен мотор, леќа за камера со држач, лента изработена од еластичен текстилен материјал и рамен правоаголен производ изработен од лесен ткаен текстилен материјал.

### I.1.4. Закон за вршење на работи на застапување во царински постапки

Донесениот Закон за изменување и дополнување на Законот за вршење на работи на застапување во царински постапки („Сл. весник на РСМ“ бр. 110 од 19.5.2021 година) ја регулира со измени прекршочната постапка и правилата, како и изрекуваните глоби.

### I.1.5. Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација

Со Правилникот за дополнување на Правилникот за начинот на пополнување на царинската декларација и Кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација („Сл. весник на РСМ“ бр. 5 од 8.1.2021 година), во рубриката 15а се додадоа две нови шифри за Велика Британија (Северна Ирска) и Велика Британија (со исклучок на Северна Ирска) поради излегувањето на Велика Британија од ЕУ, како и нова шифра во рубриката 37 за возилата кои се увезуваат и регистрираат согласно Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблици на територијата на Република Северна Македонија, со намалување на износот на царинските и даночните обврски за 50% од утврдената вредност на сите давачки кои се наплатуваат при увоз.

### I.1.6. Автономни мерки за намалување или укинување на увозните давачки – царински стапки

Со донесување на **Одлуката за укинување на увозните давачки – царинските стапки на одделни суровини и репроматеријали кои се употребуваат во преработувачката индустрија** („Сл. весник на РСМ“ бр. 17 од 20.1.2021 година) се пропиша укинување на царинската стапка за стоките кои се распоредуваат во тарифните ознаки наведени во Одлуката, а кои ќе се употребуваат во преработувачката индустрија. Примената на Одлуката е заклучно со 31.12.2021 година.

Според **Одлуката за укинување на увозната давачка – царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени** („Сл. весник на РСМ“ бр. 112 од 21.5.2021 година), што се применуваше од 21 мај до 30 октомври 2021 година**,** за тарифните ознаки и количините наведени во истата царинската стапка изнесуваше 0%. Стоките од предметната одлука се увезуваа од корисниците-регистрирани производители на

преработки од месо без плаќање на царина во рамки на утврдените количини во висина од 1/4 од вкупно употребените суровини во производството, фактурираната и наплатена количина на готови производи во кои како суровина се користени стоките – предмет на оваа Одлука во претходната година.

Остварувањето на ова право од Одлуката подлежеше на формалности. Кон царинската декларација за увоз задолжително требаше да се приложат: Решение од Централен регистар на Република Северна Македонија и Мислење од Стопанската комора на Република Северна Македонија за исполнување на економскиот услов поврзан со оствареното производство, фактурираната и наплатена количина на готови производи во кои како суровина се користени предметните стоки од оваа Одлука во претходната година (оригинал и копија).

**Одлуката за укинување на увозните давачки – царинските стапки при увоз на едра и едрилици** („Сл. весник на РСМ“ бр. 257 од 11.11.2021 година), што стапи на сила наредниот ден од денот на објавување беше во важност до 31.12.2021 година.

**Одлуката за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи** („Сл. весник на РСМ“ бр. 267 од 02.12.2021 година) ќе се применува заклучно со 30.06.2022 година.

Со **Одлука за изменување и дополнување на Одлуката за намалување на увозните давачки - царинските стапки на одделни производи (компоненти) потребни за производство на технолошко напредни производи** („Сл. весник на РСМ“ бр. 276 од 13.12.2021 година) направени се измени и дополнувања кои се однесуваат на додавање на две тарифни ознаки во Одлуката и одложување на рокот за почеток на примена на мерката кај една тарифна ознака.

Во **Одлуката за укинување на увозната давачка – царинската стапка за замрзнато свинско месо и свинско сало исчистено од месо и живинско сало, неистопени или поинаку издвоени, свежи, разладени, замрзнати, солени, во саламура, сушени или чадени** („Сл. весник на РСМ“ бр. 267 од 02.12.2021 година) се наведени тарифните ознаки и количините за кои се укинува царинската стапка, како и условите кои треба да бидат исполнети за да може да се примени укинатата царинска стапка.

Со **Одлуката за определување на стоките и услугите кои подлежат на повластена стапка на Данокот на додадена вредност** („Сл. весник на РСМ“ бр. 293 од 24.12.2021 година) поблиску се определуваат добрата и услугите кои подлежат на повластена стапка на данокот на додадена вредност и истата претставува усогласување на повластената стапка на ДДВ со тарифните ознаки кои согласно измените на Хармонзиранито систем на Светската царинска организација се вградени во Одлукатаза изменување и дополнување на Царинската тарифа за 2022 година.

Објавените **Листи на стоки што се увезуваат во рамки на тарифни квоти со намалени или укинати царински давачки** и кои ќе се применуваат од 01.01.2022 година („Сл. весник на РСМ“ бр. 295 од 27.12.2021 година), се однесуваат за увоз во рамки на квоти на стоки со потекло од Европската унија, Обединетото Кралство, Турција, Украина, Норвешка и Швајцарска Конфедерација.

## I.2. Акцизи

Со донесениот **Закон за изменување и дополнување на Законот за акцизите** (Сл. весник на РСМ бр. 77 од 6.4.2021 година):

- Се изврши прецизирање на роковите за поднесување на акцизна декларација и плаќање на акцизата од страна на лица кои не се регистрирани во електронскиот Регистар на акцизни обврзници, а поседуваат, произведуваат, тргуваат, складираат, чуваат и/или преработуваат акцизни добра;
- Се доуредија одредбите кои се однесуваат на гаранцијата за обезбедување на акцизниот долг во постапка на акцизно складирање и акцизно повластено користење;
- Се допрецизираа и дополнија членовите од Законот за акцизите кои се однесуваат на акцизните марки за обележување на меѓупроизводи и жестоки алкохолни пијалаци и тутунските производи;
- Се транспонираа одредбите од Уредбата со законска сила за примена на Законот за акцизите за време на вонредна состојба („Сл. весник на РСМ“ бр. 86/2020, 105/2020, 125/2020 и 169/2020);
- Се изврши изедначување на износот на акцизата на гасното масло наменето како гориво за греење со акцизата на гасното масло како погонско гориво, при што се пропиша враќање на дел од платената акциза. Имателите на акцизна дозвола и увозниците на енергенти имаат обврска да направат попис на залихите и да извршат доплата на акцизата;
- Се додадоа нови членови кои се однесуваат на враќањето на дел од платената акциза за обележаното гасно масло наменето за греење во домаќинствата и обележаното гасно масло употребено во процес на производство или како додаток на друг енергент како гориво за греење во индустријата и
- Се одложи примената на одредбите кои се однесуваат на производителите и увозниците на вино и акцизните обврзници за електрична енергија, природен гас, јаглен, кокс и лигнит до 1 јануари 2022 година.

За регулирање на **законските прописи за акцизите** беа донесени интерни упатства и насоки со цел олеснување на примената на Законот и воспоставување на процедури за работа:

- **Упатство за враќање на акциза за обележано гасно масло наменето за греење во домаќинставата и во процес на производство;**
- **Насока за постапување при увоз на возила согласно Законот за регистрација на возила со странски регистарски таблички на територијата на Република Северна Македонија**;
- **Упатство за гаранции за обезбедување на акцизен долг**;
- **Упатство за постапување со акцизни марки за обележување тутунски производи и алкохолни пијалаци**;
- **Упатство за начинот на издавање документи за регистрација на возила**;

## I.3. Заштита на права од интелектуална сопственост

Еден од главните приоритети на Царинската управа е унапредување на институционалниот и административниот капацитет за ефикасна и ефективна борба против фалсификатите и пиратеријата, преку воведување на зајакнати мерки на царинска контрола за откривање и спречување на увоз, транзит и извоз на стоки што го повредуваат правото од интелектуална сопственост.

За успех во заштитата на правата на интелектуална сопственост, важна е соработката со носителите на ова право и нивните застапници во Република Северна Македонија.

Со институциите кои имаат надлежност во овој домен, во земјата и странство, се преземаат бројни активности во борбата против фалсификувањето и пиратеријата, за заштита на здравјето и безбедноста на граѓаните, економијата и буџетот на државата и општеството во целина.

Во рамките на втората компонента на проектот за Националната стратегија за интелектуална сопственост 2022-2026 (што треба да се усвои во март 2022 година) предвиден е развој на е-мрежа за размена на податоци за интелектуална сопственост помеѓу институциите што имаат надлежност за заштита и спроведување на правата од интелектуална сопственост во Република Северна Македонија. Дефинирана е методологијата за статистичко следење и обработка на податоците за дејствија кои се преземаат во насока на спроведување на законот за интелектуална сопственост, при што има јасно определени одговорности на институциите во однос на обврските за известување, подготовка на податоци и видови на извештаи кои треба да се изработат.

**Нови барања за заштита на права од интелектуална сопственост во Царинската управа имаат регистрирано и следните трговски марки: Dsquared 2, Alcon, Apple, Neo Tools, Comirnaty, Pro Zdenka Kabli, Audemars Piquet, Areon, FKN, PopSockets, Marble, Iveco, New Holland и CNH Industrial.**

## I.4. Друга регулатива што има влијание врз царинското работење

Во изминатата 2021 година се донесени две позначајни измени на договорите за слободна трговија со што во трговијата со ЕУ и ЕФТА земјите започнаа да се применуваат нови полиберални правила за потекло.

Имено во трговијата со земјите во регионот се применува Регионалната конвенција за Пан-евро-медитерански преференцијални правила за потекло (ПЕМ Конвенција), како основа за примена на преференцијалните правила за потекло.

Од причина што овие правила се веќе застарени во 2012 година започнаа преговори за модернизација на ПЕМ Конвенцијата со цел да се прилагодат правилата за потекло на променетата економска реалност низ годините. Ревидираната ПЕМ Конвенција требаше да биде одобрена и усвоена едногласно од сите потписнички во рамките на Мешовитиот комитет на ПЕМ. Неколку договорни страни сè уште изразуваат резерви за усвојување на ревидираната ПЕМ Конвенција, но мнозинството од договорните страни на ПЕМ Конвенцијата одлучија да започнат со предвремена примена на новите, ревидирани правила во меѓусебната трговија, додека со останатите договорни страни и понатаму продолжуваат преговорите со цел за да се постигне заеднички договор за процесот на ревизија.

Ова привремено решение им овозможува на компаниите во договорните страни што ќе започнат со предвремена примена да ги користат модернизираните, поедноставени и

пофлексибилни нови правила за потекло. За таа цел, протоколите за потекло содржани во секој билатерален договор за слободна трговија потпишан од Република Северна Македонија и партнер земјите треба да бидат изменети за во нив да се вклучи Додаток А, документ што ги содржи новите ревидирани (тнр. алтернативни или преодни) преференцијални правила за потекло на стоки, без да се нарушува примената на сегашните правила за потекло на ПЕМ Конвенцијата.

Во Службен весник на Република Северна Македонија број 245 од 02.11.2021 година е објавена Одлуката за предвремена примена на изменувањето на Протоколот 4 на Спогодбата за стабилизација и асоцијација помеѓу Република Северна Македонија, од една страна и Европските Заедници и нивните земји-членки, од друга страна за дефинирање на поимот „производи со потекло“ и начини на административна соработка, изменет со Одлука бр. 1/2021 на Советот за стабилизација и асоцијација на Република Северна Македонија и Европската Унија (во натамошниот текст: ССА со Европската Унија). Ова значи дека во трговијата со земјите членки на ЕУ има можност за користење и алтернативен сет на правила за потекло што се применуваат заедно со правилата од Конвенцијата за ПЕМ, на билатерална основа во очекување на усвојувањето на ревидираната Конвенција. Овие нови правила содржат значителен број подобрувања и поедноставувања во споредба со сегашната ПЕМ Конвенција, како и укинување на забраната за draw back за суровините без потекло.

Во Службен весник на Република Северна Македонија број 279 од 15.12.2021 година е објавен Закон за ратификација на измените и дополнувањата на Договорот за слободна трговија меѓу Република Македонија и ЕФТА државите. Законот за ратификација се однесува на Одлуката бр. 1/2021 на Мешовитиот комитет за измена на Протоколот Б што се однесува на дефинирање на поимот „производи со потекло“ и методите на административна соработка. Со оваа одлука се менува Протоколот Б и во него се вградени одредби за примена на полибералните и нови алтернативни (преодни) правила за потекло во трговската размена помеѓу Република Северна Македонија и ЕФТА земјите.

Се очекува до крај на 2022 година со сите земји во регионот на ЦЕФТА да се применуваат нови преференцијални правила за потекло.

## I.5 Административни и технички работи

Во 2021 година донесени се следните нови упатства кои се однесуваат на работата на Секторот за административни и технички работи:

- **Упатство за начинот и постапката за давање во закуп објекти и локации за рекламен простор на граничните премини за патен сообраќај**, со кое се уредуваат начинот и постапката за давање во закуп објекти и локации за рекламен простор на граничните премини за патен сообраќај на Република Северна Македонија, а над кои право на управување, уредување и одржување има Царинската управа;
- **Упатство за начинот и постапката за наплата на надоместоци за влез и користење на царински терминали**, со кое се уредуваат начинот и постапката за вршење наплата на услугата за влез и користење терминал и терминалски услуги на царинските терминали управувани од Царинската управа, што подразбира влез и излез на возило на царински терминал, потребни податоци за идентификација на возило и возач, постапка за издавање потврди за надоместок за престој на царински терминал, наплата на надоместок, изготвување извештаи, примопредавање смена и постапка во случај на проблеми и промени;

- **Процедура за користење и управување службени возила на Царинската управае)**, што се однесува за начинот на издавање, користење и употреба на службени моторни возила, нивна категоризација, означување, евиденција, правата и обврските на корисниците и овластените корисници во Царинската управа, чувањето, одржувањето и поправката на возилата, начинот на полнење на гориво, начинот на користење на системот за глобално позиционирање (GPS), како и одговорноста на вработените;
- **Процедура за набавки со проценета вредност без ДДВ за кои не се применува Законот за јавни набавки**, што се применува при:
  - вршење на набавки на стоки или услуги или за конкурс за избор на идејно решение со проценета вредност помала од 1.000 евра во денарска противвредност без ДДВ;
  - набавка на работи со проценета вредност помала од 5.000 евра во денарска противвредност без ДДВ;
  - набавка на посебни услуги со проценета вредност помала од 10.000 евра во денарска противвредност без ДДВ.

  Вкупната вредност на набавките со горенаведените лимити во тековната година не смее да надмине 12.000 евра во денарска противвредност без ДДВ.

# II. ЕУ ИНТЕГРАЦИЈА

Сите земји членки се дел од Царинската унија на ЕУ и применуваат исти царински правила и постапки. Ова подразбира целосна законска усогласеност, соодветна имплементација и капацитет за спроведување, како и пристап до заедничките компјутеризирани царински системи.

Политиките во Поглавјето 3.29 Царинска унија претставуваат основа на Европската Унија и основен елемент во функционирањето на единствениот пазар.

Во последните 20 години Царинската управа активно учествува во активностите на државата за достигнување на еден од стратешките приоритети за полноправно членство во Европската унија.

Според Извештајот на Европската комисија за напредокот на Република Северна Македонија за 2021 година, постигнато е високо ниво на усогласеност со европското законодавство. Направен е добар напредок во постојано консолидирање, примена и надградување на ИТ системите. Концептот на овластени економски оператори (OEO) е применет и унапреден. Електронскиот систем за обработка на царински и акцизни документи е целосно функционален и работи без примена на документи во хартија. Зелените коридори се воспоставени на главните гранични премини со земјите од CEFTA и обезбедуваат непречен проток на стока во услови на криза предизвикана со COVID-19.

## II.1. Развој на административниот капацитет согласно ЕУ стандардите

### II.1.1. Царина 2020 – Програма на Европската комисија

Во 2021 година сите заеднички активности од Програмата на Заедницата „Царина 2020“ се одржаа онлајн (состаноци, обуки, работлници):

- **Состанок на координаторите за Програмата Царина 2020 за управување со грантови**;
- **Обуки за е-грантови**;
- **Состанок на координатори за Програмата Царина 2020 – оценка на програмите и акциски план за имплементација на среднорочни препораки на тековните програми**;
- **Состанок на Комитетот за Програмата Царина**;
- **Состаноци на Групата за координација на електронска Царина и Контакт групата на трговци**;
- **Конференција на мрежата за Работна изведба на царинските администрации**;
- **Видео конференција на Работната група за мерење на изведбата – е-трговија** ;
- **ИТ обуки за CCN/CSI**;
- **Состанок на високо ниво “e-Commerce – the Way Forward”;**

### II.1.2. Проекти

Активностите на унапредување и модернизирање на работењето на Царинската управа се остваруваа и во рамки на повеќе проекти:

***Реализирани проекти***

- **„Зголемување на квалитетот на царинските контроли во борбата против измами и недозволената трговија со стоки“** (Twinning – ИПА 2 – ИПА 2018), преку кој се набави специфичен вид на опрема за подобрување на царинската контрола, која ќе има големо значење во борбата против измами и недозволена трговија со стоки;

***Тековни проекти***

- **„We Cross Borders“**, проект за прекугранична соработка со Република Грција (Програма ИПА за прекугранична соработка помеѓу Република Македонија и Република Грција 2014-2020), со кој е предвидена модернизација на граничните премини Богородица и Дојран преку набавка на сообраќајна светлосна сигнализација, како и обезбедување на систем за мерење и преглед на возила кој ќе се користи при детална царинска контрола. Набавката е тек и се очекува имплементацијата на договорот да биде завршена во текот на 2022 година.

- **„Подобрување на наплатата на приходите и даночните и царинските прописи“** (Twinning – ИПА 2), во кој покрај Царинската управа се вклучени и Министерството за финансии и Управата за јавни приходи. Царинската управа учествува во активности поврзани со усогласување на законодавство и подобрување на капацитетите на службата. Согласно мерките за безбедност, реализацијата на предвидените активности на проектот се одвива „online“. Проектот е во тек и успешно се реализира согласно предвидената динамика.

- **„Обезбедување на континуитет на деловните процеси во Царинската управа и зачувување на податоците преку консолидација на ИКТ системите и воспоставување на заеднички Податочен центар во случај на криза и природни непогоди („Disaster Recovery Centre“)**, како дел од Програмата за управување со јавните финансии (ИПА 2 – ИПА 2018), преку кој е набавена опрема за воспоставување на заеднички Податочен центар во случај на криза и природни непогоди;

- **„Проект за олеснување на трговијата и транспортот во земјите од Западен Балкан“** (Светска Банка) – Царинската управа, агенциите и инспекциските служби кои учествуваат во царинската постапка ќе добијат нов Национален едношалтерски систем „Single Window System“ (NSW). Системот ќе овозможи хармонизација на процесите и податоците за обработка на дозволите од прекуграничниот проток на стоки, применувајќи ги притоа прописите и техничките спецификации, согласно стандардите и практиките на ЕУ. Изработен е документ „Blueprint“ кој опфаќа анализа на тековната состојба и проблемите, детална техничка спецификација за имплементација на системот ( предвидено да трае 28 месеци). Во рамките на овој проект ќе се набави и нов систем за видео надзор интегриран со системот за автоматско распознавање на регистарски таблички, како алатка за сузбивање на недозволената трговија, шверц и корупција во царинските испостави. Ќе се изврши и модернизација и реконструкција на граничните премини Ќафасан и Деве Баир;

- **Проект на УСАИД за Регионален економски развој, управување и раст на претпријатијата[1],** успешно реализиран во насока на воспоставување на заеднички контроли со Република Албанија на граничениот премин Ќафасан-Кафтане. Притоа, набавена е опрема за контроли за македонската и албанската царинска

[1] USAID Regional Economic Development, Governance and Enterprise Growth – EDGE Project

служба, извршени се обуки, а реализирана е и студиска посети за царински службеници од двете држави.

### *Проекти во фаза на програмирање*

- **„Имплементација на ИТ системот НКТС фаза 5“** – надградба на Новиот компјутеризиран транзитен систем со цел исполнување на условите за поврзување на транзитната постапка со ЕУ. За овој проект е изработена техничка спецификација. Проектот треба да започне со реализација во текот на 2022 година и да заврши во 2023 година. Проценета вредност на проектот е 2 милиони евра.
- **„Имплементација на ИТ системот EORI[2] и IAM[3]“ (системи согласно MASP на ЕУ),** ИПА 3 – имплементација на системи за олеснување на работата на економските оператори и поедноставување на пристапот. Во тек е подготовка на техничката спецификација. Проектот треба да започне со реализација во 2022 година и да заврши во 2023 година. Проценета вредност на проектот е околку 2 милиони евра;
- **„Изградба и реконструкција на ГП Делчево“** (ИПА 3 – директен грант), што опфаќа модернизација на преминот по европски стандарди, при што ќе се реконструираат постоечките објекти и ќе се градат и нови, а преминот ќе се проширува и со нови ленти. Во фаза на изработка на идеен проект. Проценета вредност на проектот е 1,7 милиони евра.
- **„Имплементација на ИТ систем за Секторот за контрола и истраги“** (ИПА 3) – систем за евиденција и следење на активностите за контрола и истраги, со цел подобрување на резултатите во борбата против организираниот криминал. Се изработува техничка спецификација која потоа ќе биде поднесена на одобрување до Делегацијата на ЕУ во Скопје. Вредност на проектот е 0,6 милиони евра.
- **„Набавка на опрема за контрола и истраги“** (ИПА 3) – планирано е да се набават детектори за дрога и уреди за форензичко истражување, со цел подобрување на резултатите во борбата против организираниот криминал (вредност од приближно 1,4 милиони евра).
- **„Изградба на граничен премин „Маркова Нога“** (ИПА 3) со Република Грција - изградба на целосно нов граничен премин во регионот Преспа, согласно потпишаната спогодба со Република Грција. Проектот треба да започне со реализација по одобрување од страна на Комисијата за формирање на нови гранични премини, а вредност на проектот е 1 милион евра.

[2] EORI – Economic Operators' Registration and Identification number
[3] IAM – Identity Access Management

# III. ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ ВО ЦАРИНСКАТА УПРАВА

Согласно својата константна стратешка определба, Царинската управа има функција на давање на услуги, одржување на ефективна царинска политика што ги поддржува владините економски цели, запазување на рамнотежа помеѓу интересите на деловната заедницата и одговорностите за спроведување на царинска контрола со цел да се заштитат финансиските интереси на општеството и да се обезбеди поддршка на легалната трговија и подобрена наплата на давачки. Сето тоа се остварува преку правилно управување со човечките ресурси во Царинската управа. Оттука, во изминатата година се работеше на овозможување на соодветни услови за работа на вработените и истовремено пружање на квалитетни и професионални услуги во услови на пандемија.

Царинската управа во 2021 година го заврши порцесот на спроведување на функционална анализа со што ги опфати сите организациони единици и сите вработени во управата. Спроведената функционална анализа беше фокусирана на административните капацитети, анализирање на целите, функциите, структурата, процедурите и човечките ресурси во Царинската управа. Согласно методологијата беа разгледани состојбите во Царинската управа според три критериуми:

- Стратешка усогласеност на Царинската управа,
- Организациски капацитети и
- Извршување на работните задачи за остварување на резултати.

По направениот преглед и анализа на сите дадени одговори и документи, а согласно наодите и препораките се донесе нов Правилник за внатрешна организација и работа на Царинската управа и нов Правилник за систематизација на работни места во Царинската управа, со кои се редефинираа работните задачи и надлежности и се направија организациски измени. Со аплицирањето на новите Правилници беше согледано дека има потреба од измена и дополнување во неколку сегменти, по што се изготви и Правилник за измена на систематизација на работните места на Царинската управа.

На крајот на декември 2021 година во Царинската управа се **вработени 1.227 лица**. Од вкупниот број вработени 2 лица се со статус на **функционери (директор и заменик директор)**, 2 лица се со статус на **функционери (апанажа)**, 1.069 лица се со статус на **царински службеници** согласно Законот за Царинската управа, 45 лица се со статус на **административни службеници** и 86 лица се со статус на **работници** согласно Законот за работни односи.

Во однос на стручната подготовка, 3 вработени се **доктори на науки**, 67 вработени се **магистри**, 704 се со **високо образование**, 12 се со **вишо образование**, 423 се со **средно образование** и 21 вработен се со **образование од друг вид**. Ова значи дека 62,1% од вкупниот број вработени во Царинска управа се со високо образование.

Беа донесени повеќе акти и регулативи поврзани со управување со човечките ресурси:

- **Кодекс на однесување на царинските службеници**

Со цел да се обезбеди почитување на законитоста, професионалниот интегритет, ефикасноста при вршењето на должностите во рамките на Уставот, законите, подзаконските акти на Царинската управа, ратификуваните меѓународни договори и Ревидираната Аруша декларација, во 2021 година донесено е четврто издание на

Кодексот на однесување со кој се надградени основните принципи и стандарди на однесување и работење на царинските службеници во Царинската управа.

- **Колективен договор на Царинската управа**

Донесен е нов Колективен договор со кој се уредуваат правата и обврските на вработените, одговорностите од работен однос на работниците и работодавачот, обемот и начинот на остварување на правата, обврските и други прашања од интерес на работниците и работодавачот, начинот и постапката за решавање на меѓусебните спорови, како и склучување и престанок на работниот однос.

- **Правила за ред и дисциплина**

Во 2021 година издадено е трето издание со кое се пропишуваат правилата за работниот ред и дисциплината во Царинската управа.

- **Речник за царински компетенции**

Во март 2021 година донесено е второ издание на Речникот за царински компетенции, кој ја опишува Рамката на царинските компетенции детално изнесени со дефиниција и опис на секоја компетенција посебно.

- **Упатство за работно време во Царинската управа**

Во декември 2021 година донесено е шестото издание на Упатството за работно време, со кое се уредува работното време во Царинската управа, прекувремената работа, паузата во текот на работниот ден, отсуствата за време на работното време, начинот и постапката за евидентирање на времето поминато на работа, отстапување од полното работно време, контролата на работното време, начинот на регистрирање на времето поминато на работа, како и пристапот до и во просториите на Царинската управа од вработените и надворешните лица. Во ова издание е воведено флексибилно работно време во Царинската управа.

## III.1. Вработување

Во 2021 година има 124 нови **вработувања** во Царинската управа врз основа на спроведен јавен оглас со договор за **вработување на определено време** до 31.12.2021 година.

Во истиот период се реализирани 73 нови вработувања во Царинската управа преку преземање согласно Законот за преземање на административни службеници вработени преку К-5 програмата, 3 нови вработувања врз основа на Спогодбата за преземање на неопределено време, 2 нови вработувања во Царинската управа врз основа на именување и 4 враќања од неплатено отсуство.

### III.1.1 Престанок на работен однос

Изминатата година беа донесени 6 решенија за престанок на работен однос по основа на **старосна пензија**, 4 решенија за престанок на работен однос **по барање на работникот**, 4 решенија за престанок на работен однос по основа на **неплатено отсуство** и 4 решенија за **престанок на работен однос поради смрт**.

## III.2. Обуки и стручно оспособување

Изминатата година системот на управување со човечки ресурси остана базиран на принципите на постигнување на резултати. Се работеше на зголемување на

подготвеноста на вработените за обезбедување на квалитетни и професионални услуги и оперирање во дигитално опкружување.

Во 2021 година, беа спроведени 145 **активности за стручно оспособување на царинските службеници,** со вкупно 1.813 учесници. Во просек секој учесник има следено обука во траење од околу 8,16 часа (8 часа и 16 минути). Вкупниот број на часови на реализирани обуки во овој период, спореден со бројот на вработени, укажува на тоа дека за еден вработен се обезбедени обуки и стручно оспособување со просечно времетраење од 13,42 часа (13 часа и 25 минути).

Во 2020 година беа спроведени 109 активности за стручно оспособување на царинските службеници со вкупно 1.210 учесници.

Позначајни обуки одржани во изминатата година:

- **„Идентификација на производи од различни трговски марки“** – со цел учесниците да можат да идентификуваат производи од брендовите: „Popsockets“, „Superdry“, „Swiss Watch Industry“, „PSA Group“ и „Procter & Gamble“;
- **„Работилница за CDEPS - Jasper извештаи“**, организирана со цел на учесниците да им се објасни како се користи апликацијата „Jaspersoft Studio“ за креирање на извештаи за Царинската управа, со опфатени теми: шема на бази на податоци за известување во Царинската управа, дизајнирање на извештаи во „Jasper“ со користење на студиото „Jasper“, изведба на извештаи во студиото „Jasper“ и објавување на извештаи на серверот „Jasper“;
- **„Идентификација и распоредување на стоки за двојна намена“,** со цел унапредување на вештините на учесниците за препознавање на погрешно распоредени стоки за двојна намена;
- **„Подготовка на законски и подзаконски акти за поштенски и брзи пратки“**, на која се разгледа подготовката на законски одредби и правилници за царинење на поштенски и брзи пратки во согласност со законодавството на ЕУ;
- **„Упатства, инструкции, прирачници и контролни процедури во согласност со подготвените процедури и најдобрите практики за работа во ЕУ“,** организирана за подобрување на знаењето и вештините на царинските службеници во Одделението за управување со ризици за анализа на големи податоци, за подобрувања на сегашните системи и можна имплементација на нови;
- **„Прекршоци и кривични дела и постапка по откривање на прекршокот и кривичното дело“,** за надоградување на знаењата на царинските службеници за откривање на прекршоци и постапување по нивно откривање и за запознавање со измените на Царинскиот закон и Законот за Царинската управа во делот на прекршоците;
- **„Управување со ризици кај Овластените економски оператори“,** организирана со цел да се зголеми ефективноста во имплементација на програмите за Овластените економски оператори (ОЕО) и нивното меѓусебно признавање во CEFTA членките и да се унапредат знаењата на учесниците за управување со ризици кај економските оператори и нивното значење во синџирот на снабдување;
- **„Земање на мостри“**, реализирана за подигнување на знаењето и вештините на царинските службеници за начинот на земање мостри;

- **„Системски пост-контроли на големи увозници/извозници“**, организирана за подобрување на капацитетите на Царинската управа за вршење на пост-контроли, со што ќе се овозможи олеснување и забрзување на царинските постапки;
- **„Студиска посета за зајакнување на капацитетите на интер-агенциската работна група“**, за зајакнување на капацитетите за разбивање на криминални мрежи, воспоставување на соодветна практика на собирање разузнавачки информации;
- **„Обука на обучувачи“**, за подобрување на вештините на обучувачите за подготовка и организација на обука, подготовка на материјали, методи и техники, говор на тело и методи на успех;
- **„Работилница за соработка помеѓу Полицијата, Царината и Обвинителството во случаи на илегална трговија со оружје“**, на која беа разгледани потребите и можностите за поуспешна соработка помеѓу Полицијата, Царината и Обвинителството во случаи на илегална трговија со оружје, муниција и експлозиви.

Во 2021 година беа спроведени 2 претходни обуки за вкупно 48 царински застапници и беа одржани 3 онлајн презентации за **новите алтернативни правила за потекло** и за **Одлуката за усогласување и менување на Царинската тарифа за 2022 година,** на кои учествуваа 639 економски оператори.

## III.3. Интегритет

Збирот од сите политики, стандарди и процедури воспоставени во една организација, кои ја зајакнуваат нејзината отпорност кон корупцијата и го намалуваат ризикот од коруптивно однесување од страна на нејзините вработени го означува системот за интегритет. Интегритет на ниво на една организација, значи „отпорност на корупција“.

Високо ниво на интегритет секогаш е приоритетен домен на делување за постигнување на ефикасна царинска служба во 21-от век, кон што тежнееат сите членки на Светската царинска организација, во рамки на која се разменуваат практични примери и совети за спроведување на мерки и иницијативи за подигнато ниво на интегритет. Не е прифатливо да има корупција и други форми на отсуство на интегритет кои загрозувачки делуваат на мисиите и целите на царинските служби.

Промовирањето на интегритетот бара заедничко дејствување на царинските служби, другите погранични агенции, приватниот сектор и учесниците во глобалната трговија.

И на државно ниво се оформува поширок фронт на борба против корупцијата. Законите сами по себе не се доволни и треба да се допре до интегритетот на поединците и институциите. Со Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025 се трасирани заеднички и одлучни дејствувања на тој план.

Царинската управа преку својата посебна организациона единица – Сектор за професионална одговорност презема мерки за превенирање и сузбивање на коруптивни делувања (злоупотреба на функцијата, јавното овластување, службената должност или положба за остварување на корист, директно или преку посредник, за себе или за друг) и судир на интереси (состојба во која службеното лице има приватен интерес што влијае или може да влијае врз непристрасното вршење на неговите јавни овластувања или службени должности). Се внимава на запазување на сите професионални и етички стандарди.

Во 2021 година се спроведени **138 внатрешни истраги** врз основа на Планот на активности на Секторот за професионална одговорност, примените поплаки кои се однесуваат на незаконско и непрофесионално постапување на вработените, информациите примени на отворената царинска линија 197 во кои се содржани наводи за непрофесионално однесување на царински службеници, како и врз основа на информациите што ги доставуваат или непосредно ги презентираат раководителите на организационите единици и вработените во Царинската управа. Притоа во 12 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници.

Во 2020 година беа спроведени вкупно 84 внатрешни истраги. Во 7 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници.



Изминатата година, во врска со постапувањето на вработените согласно позитивните законски одредби, подзаконските акти и оперативните инструкции на Царинската управа беа извршени **65 внатрешни контроли**, при што во 33 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници.

Во 2020 година беа извршени 48 внатрешни контроли. Во 27 извештаи се утврдени неправилности во постапувањето на царинските службеници.



Во 2021 година, преку **отворената царинска телефонска линија (197)** се примени **32 поплаки** и **1 on-line** пријава во кои странките генерално наведуваат непрофесионално однесување на царинските службеници во постапувањето при извршување на нивните обврски и овластувања. Во 2 случаи е утврдена основаност на содржината.

Во истиот период минатата 2020 година беа примени 53 поплаки и 2 on-line пријави, од кои во 1 случај е утврдена основаност на содржината.

Согласно обврската по склучување на договор за вработување или по престанок на работниот однос во Царинската управа, службените лица од Царинската управа да достават пополнет анкетен лист до Секторот за професионална одговорност, во 2021 година евидентирани се 222 царински службеници кои доставиле **анкетен лист,** 67 кои доставиле **обрасци за промена на имотната состојба** и 187 кои доставиле **изјави за интереси**.

Во истиот период во 2020 година беа евидентирани 164 царински службеници кои доставиле анкетен лист, 69 кои доставиле обрасци за промена на имотна состојба и 148 кои поднеле изјави за интереси.

Во 2021 година е ревидиран и изработен нов **Регистар на ризични точки во царинското работење подложни на корупција за период јануари-март 2021 година**, **за периодот април-јуни 2021 година**, **за периодот јули-септември 2021 година** и за **периодот октомври-декември 2021 година**, како и **Регистар на најчести грешки и пропусти во севкупното работење на Царинската управа во периодот јануари-јуни 2021 година.** Се применуваат како корисни алатки за перманентно и ефикасно справување со можните кршења на царинското законодавство преку вршење на интерни контроли, а со тоа и за превенција од корупцијата.

Се донесе исто така изменет и дополнет **Кодекс на однесување на царинските службеници** со кој се воведени 2 нови обрасци „Изјави“.

Во 2021 година донесени се 6 решенија со кои се изречени **дисциплински мерки** – со 5 решенија е изречена **парична казна** во износ од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работник во траење од 1 месец, а со 1 решение е изречена **парична казна** во износ од 15% од последната исплатена месечна нето-плата на работник во траење од 6 месеци.

Донесени се **4** решенија со кое предлогот за поведување на постапка за утврдување на одговорност се одбива како неоснован, а постапката **се запира.**

Во 2021 година донесени се 2 решенија со кои на царински службеници им е утврдена **основната плата во намален износ** од 15%: 1 решение поради тоа што **царинскот службеник не ги остварил просечните, односно очекуваните резултати од работата** и 1 решение со кои платата на царинскиот службеник е намалена поради **неоправдано отсуство**.

Во 2021 година донесени се 7 решенија за кои е изречена дисциплинска мерка **суспендирање од работно место** и тоа: 2 решенија (проверка на документација на автобус на „Беса Транс“, неизвршено евидентирање на предметните автобуси во Модулот за транспортни дозволи) и 5 решенија со кои се изречени дисциплински мерки – суспендирање од работно место (со решение КОК-ПП бр. 502/21 од 21.12.2021 година на Основен кривичен суд Скопје определена е мерка притвор во траење од 30 дена).

## III.4. Внатрешна ревизија

Во Царинската управа преку посебна организациона единица редовно се практикува внатрешна ревизија за преиспитување на степенот на задоволувањето на пропишаните норми и критериуми. Таа помага за доближување кон поставените цели, подобрено управување со постоечките и веројатни ризици и нивно надминување, соодветна контрола врз деловните процеси. Се идентификуваат подрачја кај кои постои можност за подобрување и се даваат препораки за подобрување на работењето. Се следи спроведувањето на мерките преземени врз основа на ревизорските извештаи и дадените препораки.

Во 2021 година во Царинската управа се извршени 15 **внатрешни ревизии** врз основа на кои се утврдени 66 **наоди** и се дадени 69 **препораки за подобрување на работењето**.

Извршените ревизии се елаборирани во квартални извештаи и годишен извештај. Изработен е **Извештај за извршените ревизии и активностите на внатрешната ревизија за 2020 година**, кој е доставен до Министерството за финансии – Централна единица за хармонизација, како прилог на Годишниот финансиски извештај на Царинската управа.

Во 2020 година во Царинската управа беа извршени 15 внатрешни ревизии. Врз основа на извршените ревизии беа утврдени 67 наоди и дадени 77 препораки за подобрување на работењето. Од вкупно дадените препораки целосно се реализирани 52 препораки. 9 препораки се делумно реализирани, а не се реализирани 16 препораки.

## III.5 Систем за менаџмент со квалитет

Како стратешка одлука Царинската управа во декември 2013 година воведе Систем за менаџмент со квалитет согласно барањата на стандардите и се здоби со ISO 9001:2008 Сертификат за управување со квалитет. Определбата за исполнување на условите за сертификација на имплементиран систем за управување со квалитет согласно ISO 9001, ја потврдува посветеноста на Царинската управа за придржување кон стандардите за квалитет и задоволување на потребите на корисниците на услугите и сите заинтересирани страни.

Посветеноста на Царинската управа кон Системот за менаџмент со квалитет низ годините доведе до усовршување на процесите и постапките така што во март 2018 година резултираше со исполнување на барањата на стандардите и добивање на Сертификат ISO 9001:2015.

Поседувањето на сертификат за Систем за менаџмент со квалитет значи признавање дека сите процеси и постапки кои се спроведуваат во Царинската управа, услугите кои ги дава на корисниците, како и исполнувањето на барањата на сите заинтересирани страни се во согласност со барањата на стандардот ISO 9001:2015.

Системот за менаџмент со квалитет ја опфаќа реализацијата на внатрешните процеси во работењето на Царинската управа за заштита на финансиските интерси на Република Северна Македонија, олеснувањето на меѓународната трговија со понатамошна модернизација на царинското работење и поедноставување на царинските постапки, одржување и унапредување на конкурентен економски амбиент, како и реализација на економските политики на Владата на Република Северна Македонија.

## III.6 Наградување и унапредување

Во 2021 година се донесени 15 решенија со кое на цармински службеници им се утврдени **основни плати во зголемен износ од 15%**, за извршена работа со особен успех и квалитет.

Во истиот период се донесени повеќе решенија за **јубилејни награди врачени по повод 14-ти Април, Денот на Царинската управа**:

- 35 решенија за паричен износ од 10% од просечна нето плата на ниво на Царинска управа (според плати исплатени во последните 3 месеци), за **10 години непрекинат работен стаж во службата**;
- 59 решенија за паричен износ од 20% од просечна нето плата на ниво на Царинска управа (според плати исплатени во последните 3 месеци), за **20 години непрекинат работен стаж во службата** и
- 5 решенија за паричен износ од 30% од просечна нето плата на ниво на Царинска управа (според плати исплатени во последните 3 месеци), за **30 години непрекинат работен стаж во службата.**

Во изминатата 2021 година во Царинската управа се извршени вкупно 30 **унапредувања.** Во Централната управа се унапредени 9 цармински службеници: 1 цармински службеник на работно место **помошник директор**, 5 цармински службеници на работно место **шеф на служба**, 1 цармински службеник на работно место **началник**, 1 цармински службеник на работно место **самостоен советник** и 1 цармински службеник на работно место **административен оператор.**

Во истиот период во царинарниците се унапредени 21 цармински службеник: 1 цармински службеник на работно место **управник**, 2 цармински службеници на работно место **шеф на царинска испостава**, 4 цармински службеници на работно место **водач на смена**, 2 цармински службеници на работно место **водител на смена**, 5 цармински службеници на работно место **виш цариник контролор**, 4 цармински службеници на работно место **самостоен советник** и 3 цармински службеници на работно место **цариник.**

# IV. ДИГИТАЛИЗАЦИЈА

## IV.1. ИКТ инфраструктура

Во 2021 година Секторот за ИКТ беше интензивно вклучен во активностите за одржување, развој и унапредување на тековните ИКТ системи.

Во рамките на овие активности, следејќи ги потребите за ефикасно управување со имплементацијата на повеќе ИКТ проекти, од доменот на царинското работење, продолжија активностите на Управувачкиот комитет за имплементација на Програмата „е-Царина“ преку кој се следи и координира напредокот на проектите за унапредување на следните системи: Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД), Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки (EXIM), Интегрираната тарифна околина (ИТО) и Новиот компјутеризиран транзитен систем (НКТС), како и Проектот за развој и имплементација на нов Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW). Овие проекти се опфатени и во Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ за имплементација на е-Царина (MASP). Усогласувањето и имплементацијата е еден од условите за интероперабилност и интерконективност со Европските царински системи.

Паралелно, следејќи ги најдобрите практики за планирање и управување со проектите за развој и имплементација на нови софтверски решенија со соодветна динамика на работа, Комитетот за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи (КУЖЦА) ги разгледа и прифати техничките спецификации за изработка на следните нови ИКТ системи:

- Спецификација за функционалните и техничките (не-функционални) побарувања како дел од документот Работни задачи („Terms of Reference“) за изработка на нов софтвер за Секторот за контрола и истраги во кој ќе бидат опфатени контролните и истражните функции на Царинската управа;
- Техничката спецификација за изработка на нов интернет и интранет портал;
- Блупринт за изработка на новиот Национален едношалтерски систем (National Single Window – NSW).

Вработените од Секторот за ИКТ учествуваа во:

- Работилница на тема „Царински одлуки“ одржана преку ЕУ твининг проектот;
- Работилница на тема „Препораки на законодавството во врска со царинската тарифа“ одржана преку ЕУ твининг проектот;
- Подготовка на податочен модел од СОЦДАД наменет за Пилот проектот „Анализа на ризик“ поддржан од словенечката компанија „Brevio“;
- Подготовка на Стратегијата за намалување на сива економија, проект во координација на Министерството за финасии;
- Работилница на тема „SQL-Server и воспоставување на податочен склад“;
- Работилница на тема „План за интеграција на податоци и воспоставување на податочен склад“;
- Обука на тема „Контрола на исполнетост на критериумите за Овластен економски оператор“;

- Обука на тема „Управување со ризици кај Овластените економски оператори“ и
- Обуки за лиценциран софтвер „Windows Server 2016“.

Во делот на унапредување на ИКТ инфраструктурата, во овој период направена е миграција и виртуелизација на ИКТ системите, со цел нивна консолидација на понова хардверска платформа. Истовремено се расходува хардверот постар од 10 години.

Во ноември 2021 година завши реализацијата на ИПА Проектот за набавка на ИКТ опрема и системски софтвер за надградба на ИКТ инфраструктурата на примарната локација, податочниот центар на Царинската управа и ИКТ инфраструктура за воспоставување на доверлив компјутерско-податочен центар на оддалечена локација („Disaster Recovery“). Во рамките на проектот се инсталираше покрај нова серверска инфраструктура и нова мрежна опрема „firewall“, рутер, свичеви кои поддржуваат поголеми мрежни брзини за пристап до ИКТ системите. Со миграцијата на ИКТ системите на новата опрема планирана за оваа година се очекува подобрување на перформансите и добивање на синхронизирани податоци од критичните ИКТ системи на оддалечена локација. Како дел од овој проект реализирана е набавката на 200 персонални компјутери за граничните премини и внатрешните царински испостави и завршени се сите активности околу нивната инсталација и распределба.

Паралелно, Секторот за ИКТ работеше на реконструкција на податочниот центар на примарната локација (сервер салата во Царинската управа). Изработена е проектна документација за реконструкција на сервер салата, со што се очекува Царинската управа да изгради еден од најсовремените податочни центри во државата.

Во рамките на компонентата за Олеснување на меѓугранична трговија на стоки од **Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан**[4], финансиран со кредит од Светската Банка, завршени се активностите за избор на компанија и истата го исполни првиот дел од договорот со кој е направена анализа на тековната состојба во Царинската управа која е потребна за подготовка на техничка спецификација за набавка и имплементација на нов систем за видео-надзор и препознавање на регистарски таблички (CCTV[5] & ANPR[6]).

Во јуни 2021 година завршија активностите во рамките на кои е воспосотавен нов Систем за видео-конференција. Подготвени се упатства, одржана е обука и истиот е во функција.

## IV.2. Интерни акти за поддршка на работењето

Во 2021 година донесени се измени и дополнувања на Упатството за постапување со ИКТ системите од аспект на ИКТ безбедност  и Упатството за управување со животен циклус на апликации и ИКТ системи. Процедурата за реактивно одржување е заменета со нова Процедура за обезбедување непрекинатост и поддршка на корисниците на ИКТ системите.

Во март 2021 година донесена е **Стратегија за развој на ИКТ на Царинска управа за период 2021-2025 година** и **Акционен план за интерконективност и интероперабилност на Царинската управа со системите на ЕУ (2021-2023)**. Акциониот план, кој е составен дел на стратегијата, дава детали за првата фаза од

[4] WBTTFP – Western Balkans Trade and Transport Facilitation Project (Проект за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан)
[5] CCTV – Closed-circuit television (Интерна телевизија)
[6] ANPR– Automatic number plate recognition(Систем за автоматско препознавање на регистарски таблички)

реализацијата на проектите, што се однесува на периодот 2021-2023 година. Проектите во голема мерка се однесуваат на национален развој на системите. Паралелно со овие активности се работеше на понатамошна анализа за целосно усогласување со системите на ЕУ, преку имплементација на идните проекти во текот на втората фаза во периодот 2024-2025 година. Исполнувањето на стратешките цели е во насока на реализација на Повеќегодишниот стратешки план на ЕУ за имплементација на е-Царина (MASP) и усогласување со новиот Царински закон на ЕУ („Union Customs Code – UCC"). Развојот на овие ИКТ системи и нивната имплементација се услов за пристапување на Република Северна Македонија во ЕУ и за истите се обезбедени финансиски средства од ЕУ ИПА фондовите, Светска банка и националниот буџет. Стратегијата за развој на ИКТ на Царинската управа (2021-2023) во септември 2021 година беше усвоена од Владата на Република Северна Македонија.

## IV.3. Поддршка на корисниците на ИКТ системите

Во текот на 2021 година спроведени се голем број оперативни активности за поддршка и непречена функционалност на ИКТ инфраструктурата во Царинската управа.

Просечната достапност на ИКТ системите и апликациите во текот на овој период изнесуваше 99%.

Во овој период за обезбедување на на непрекинатост на ИКТ системите решени се 11.345 инциденти, сервисни побарувања и бизнис проблеми пристигнати на Сервисниот деск на Царинската управа. Од нив 581 инциденти и сервисни побарувања се однесуваат на хардверска опрема и мрежни проблеми, додека 10.764 барања се однесуваат на софтверски и бизнис проблеми.

| Категорија | Вкупно |
|---|---|
| Хардверски проблеми | 581 |
| Софтверски и бизнис проблеми | 10.764 |
| **Вкупно** | **11.345** |

Од аспект на поддршка на софтверските апликации во текот на овој период најмногу побарувања (**4.994**) се решени за СОЦДАД системот. Структурата на решени побарувања за поголемите апликации е дадена во следната табела:

| Апликација / ИКТ систем | Вкупно |
|---|---|
| СОЦДАД | 4.994 |
| ЕДМС | 1.105 |
| НКТС | 630 |
| ЕКСИМ | 219 |
| АСИКУДА | 395 |
| ИТО | 122 |
| СИМ | 113 |
| Останато | 3.767 |
| **Вкупно** | **11.345** |

Во делот „Останато“ се опфатени случаи на поддршка на останатите апликации во Царинската управа, канцелариските алатки и управувањето со корисничките профили на внатрешните и надворешните корисници на ИКТ системите.

Структурата на решени побарувања за поголемите апликации/ИКТ системи е прикажана и во следниот графички приказ:



# V. ОЛЕСНУВАЊЕ И ЗАБРЗУВАЊЕ НА ЦАРИНСКИТЕ ПОСТАПКИ

## V.1. Услови за спроведување на царинските формалности

Активностите преземени во рамки на Иницијативата Отворен Балкан и ЦЕФТА резултираа во пократко време на задржување на камионите на граница. Со взаемното признавање на одобренијата за Овластен економски оператор постапките се поедноставени и подобрена е бизнис климата на целиот регион.




### V.1.1. Меѓусебно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор

По потпишување на Спогодбата за взаемно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор - безбедност и сигурност (ОЕОС) со Република Србија во август 2019 година, во декември 2021 година со Република Србија беше потпишан Протокол за спроведување на Спогодбата за взаемно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор - безбедност и сигурност (ОЕОС), со завршен процес на валидација на взаемното признавање на програмите за ОЕО.



Потпишување на Протокол со Република Србија за взаемно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор (3 декември 2021, на граничен премин Прешево)

Во декември 2021 година е потпишан Договор и со Република Албанија. По ратификација на договорот, следува потпишување на протокол и процес на валидација на ОЕО програмата на Албанија.

Успешно е завршена валидацијата на ОЕО програмата на Република Северна Македонија и добиен е позитивен извештај од ЦЕФТА Тимот за валидација, со учество на претставник од Европската комисија во својство на наблудувач. Се очекува одлука за взаемно признавање на ОЕО програмите во ЦЕФТА Страните. Следен интерес и следни чекори се создавање на услови и разгледување на можностите за взаемно признавање на ОЕО програмите со Европската унија.

Изразен е интерес за потпишување на договор за взаемно признавање на ОЕО програмите со Народна Република Кина.

### V.1.2. Зелени коридори

Примената на зелени коридори е проширена на сите гранични премини во регионот на ЦЕФТА (мај 2021). Покрената е иницијатива за зелени коридори со Грција и Италија.

### V.1.3. Заеднички контроли

Со Република Србија веќе се воспоставени „заеднички контроли (One Stop Shop)“ за меѓународен патен сообраќај, на граничните премини за влез и излез, каде интервенираат и царинските и полициските службеници.

За заеднички контроли со Република Албанија е потпишан Договор за спроведување на One Stop Shop, кој треба да биде ратификуван во Собранието. Разменети се драфт верзии на имплементациони договори за кои претстои договарање.

Со Косово е потпишан договор за заедничко гранично регилирање на железничкиот сообраќај (Блаце), со потпишан имплементационен протокол (царински контроли, размена на информации, одржување и функционирање на уредите за комуникација и др.). За заеднички контроли во патен сообраќај, разменета е драфт Спогодба и одржан е првичен состанок.

Според Извештајот на Економската комисија за Европа на Обединетите Нации (UNECE), кој се однесува на 2021 година, Република Сверна Македонија бележи **прво место во регионот на Југоисточна Европа**. Регионот има достигнато 63% стапка на спроведување на општите и дигитални мерки за олеснување. Оценката е дадена врз основа на критериумите: транспарентност, формалности, институционално уредување, соработка, безхартиена трговија, прекугранична безхартиена трговија.




*Source: UNECE, based on United Nations Global Survey on Digital and Sustainable Trade Facilitation, 2021.*

Царинската управа перманентно работи на одржување на постојните и воведување на нови можости за олеснување и забрзување на царинските постапки и условите за нивно спроведување, со поддршка од информатичка и комуникациска технологија.

## V.2. Е-Царина

### V.2.1. Систем за обработка на царински декларации и акцизни документи (СОЦДАД)

Во 2021 година продолжија активностите и се преземаа мерки за надминување на претходно констатираните потреби за корекции на Системот за обработка на царински декларации и акцизни документи – СОЦДАД[7], а воедно започнаа и анализи за негово натамошно унапредување, со имплементација предвидена за нареден период.

Во 2021 година преку СОЦДАД се обработени вкупно 602.976 декларации.

**Број на царински документи по тип на декларација (box 1a , box 1b)**

| Извоз | Тип на декларации | 2021 |
|---|---|---|
| Извозни декларации-ЦИ граница | | |
| | EXMKA[8] | 213.090 |
| | EXMKZ[9] | 125.732 |

[7] Новиот СОЦДАД, кој го замени системот ASYCUDA, обезбедува интероперабилност и интерконекции со царинските информатички системи на ЕУ, управување со царинските декларации и акцизните документи (поднесување, евидентирање, прифаќање, обработка и архивирање), контрола на движењето на акцизните добра и царинските стоки преку размена на стандардизирани електронски пораки со економски оператори, ефикасност во спроведување на контролите околу наплатени и вратени царински давачки, акцизи, такси и други давачки, олеснување на трговија преку забрзан проток на стока, како и подобрување на безбедноста на синџирот на снабдување, согласно стандардите на ЕУ и СЦО.

[8] Редовна царинска постапка

[9] Поедноставена царинска постапка

| | | |
|---|---|---|
| | **Вкупно** | **338.822** |
| Извозни декларации, ЦИ стоково царинење | | |
| | EXMKA | 158.346 |
| | EXMKZ | 104.665 |
| | **Вкупно** | **263.011** |
| Извозни декларации, орални | | |
| | - | 1.143 |
| | **Вкупно** | **1.143** |

### V.2.2. Интегрирана тарифна околина (ИТО)

Се работеше на унапредување на ИТО системот, согласно договорот за реализација на техничката спецификација потпишан на 19 февруари 2020 година. Се преземаа активности за адаптивно одржување на модулот за Задолжителна тарифна информација и за адаптивно одржување на Квота модулот. По направеното тестирање и прифаќање на испораката, адаптивните измени се поставени на продукциска околина. Во рамките на адаптивното одржување воспоставен е „web“-сервис за комуникација со СОЦДАД и „web“-сервис за интероперабилност.

Во периодот април-јуни 2021 година тековно се следеше функционирањето на интерфејсот СОЦДАД-ТАРИМ преку процесираните царински декларации во новиот систем и во моментот нема отворени прашања поврзани со интерфејсот со СОЦДАД. Тековно следеше синхронизација на околините, како и примена на интерфејсот ТАРИМ-EXIM. Тековните проблеми од превентивното одржување редовно и навремено беа решени. Задачите кои се однесуваат на превентивно одржување навремено се завршуваат.

Беа доставени известувања за постапување од компанијата одржувач во врска со барањата за адаптивно одржување за подобрување на функционалностите на ЗТИ[10] модулот (надградба на барање за ЗТИ, надградба на одлука за ЗТИ, јавен online приказ на одлуки за ЗТИ, Web сервис за комуникација со СОЦДАД, изработка на „view“ за приказ на тарифни броеви, ЗТИ ЦЕФТА и Веб сервисот за интероперабилност) и адаптивните измени во Квота модулот во делот за извештаи.

Во месец декември 2021 година склучен е договор за „Одржување и развој на интегрирана тарифна околина“ за период од една година, во кој се опфатени деловите за превентивно и деловите за адаптивно одржување и се назначени функционални проект менаџери и лица за следење на договорот.

Согласно договорот за „Одржување и развој на интегрирана тарифна околина (ИТО)“, одржан е почетен состанок со компанијата одржувач. На состанокот е утврдена динамиката на реализација на идните активности, начинот на доставување барања од областа на превентивното и адаптивното одржување, начинот и формата на доставување на месечниот извештај, временскиот рок на важност на ВПН пристапите, динамиката на одржување на идните состаноци и технички прашања.

[10] ЗТИ – Задолжителна тарифна информација

### V.2.3. Заеднички транзитен систем на ЕУ и ЕФТА земјите

Конвенциите за заедничката транзитна постапка и за поедноставување на формалностите при трговија со стока обезбедуваат единствено движење на стоката во рамките на земјите членки, од една влезна точка до местото на завршување на транзитната постапка, без разлика на тоа низ колку држави и гранични премини стоката треба да транзитира. Електронската транзитна декларација со која е започната транзитна постапка во која било земја членка на Конвенцијата за заедничка транзитна постапка е прифатлива за сите земји членки на Конвенцијата.

Во 2021 година во царинските испостави во Република Северна Македонија обработени се вкупно 115.203 царински декларации во заедничката транзитна постапка (транзит од Република Северна Македонија за ЕУ и ЕФТА земјите), а од странските царински испостави примени се вкупно 87.552 транзитни движења во кои нашите испостави се нотирани како одредишни испостави (транзит од ЕУ и ЕФТА земјите за Република Северна Македонија). Низ територијата на Република Северна Македонија транзитирале вкупно 50.465 транзитни движења во кои нашите испостави ја презедоа улогата на транзитни испостави.

Во 2020 година во царинските испостави во Република Северна Македонија беа обработени вкупно 96.830 царински декларации во заедничката транзитна постапка (транзит од Република Северна Македонија за ЕУ и ЕФТА земјите), а од странските царински испостави беа примени вкупно 65.439 транзитни движења во кои нашите испостави се нотирани како одредишни испостави (транзит од ЕУ и ЕФТА земјите за Република Северна Македонија). Низ територијата на Република Северна Македонија транзитирале вкупно 43.122 транзитни движења во кои нашите испостави ја презедоа улогата на транзитни испостави.

Заклучно со декември 2021 година издадени се вкупно 169 одобренија на економските оператори, со кои им се овозможува пристап кон НКТС и 79 одобренија на главните обврзници за користење на банкарска гаранција во заедничката транзитна постапка.

## V.3. Обем на извршени работи

### V.3.1. Едношалтерски систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – EXIM

Преку Едношалтерскиот систем за дозволи за увоз, извоз и транзит на стоки – EXIM регистрираните економски оператори преку 12 (од 17 регистрирани) државни органи, директно вклучени во постапката на издавање на дозволите, можат да аплицираат за 60 различни видови увозни, извозни и транзитни дозволи.

Во 2021 година се продолжи со развојот на веб сервисите со кои ќе се овозможи поврзување и размена на податоци помеѓу EXIM и Системот за водење на регистар на оружје на Министерството за внатрешни работи. Паралелно, активно се работеше на поврзување на EXIM со Системот за интероперабилност преку кој ќе се одвива размената на податоци помеѓу системите на двете институции.

На крајот од 2021 година имаше 7.674 регистрирани корисници. Измината 2021 година се издадени 114.127 дозволи.

### V.3.2. Царински и акцизни одобренија и лиценци

На крајот на декември 2021 година, вкупно 286 компании имаа одобренија за вршење работи на **застапување во царински постапки**, додека во декември 2020 имаше 281

вакви компании. На крајот на декември 2021 година бројот на **физички лица – иматели на лиценци за вршење работи на застапување во царински постапки** изнесува 1.273, додека во декември 2020 година имаше 1.258 вакви лица.

Најзастапен вид **царинска постапка со економски ефект** е увозот за облагородување, по што следи царинско складирање и извозот за облагородување. Имателите на ваков вид на одобренија во најголем процент припаѓаат на текстилната индустрија, по што следат иматели од областа на чевларската индустрија и металургијата. На крајот на декември 2021 година 166 трговски друштва се иматели на одобренија за **увоз за облагородување** и 13 трговски друштва поседуваат одобренија за **извоз за облагородување**. Одобренија за **царинско складирање** поседуваат 83 трговски друштва. Издадените одобренија за **еднократна примена** во 2021 година изнесуваат 3.807.

На крајот на декември 2020 година, 173 трговски друштва биле иматели на **одобренија за увоз за облагородување** и 14 трговски друштва поседувале **одобренија за извоз за облагородување**, додека 78 трговски друштва поседувале **одобренија за царинско складирање**. Издадените одобренија за еднократна примена во 2020 година изнесувале 3.498.

На крајот на декември 2021 година активни се 72 одобренија за **поедноставени царински постапки за локално царинење при увоз/извоз**, 68 одобренија за **овластен примач во транзит**, 38 одобренија за **овластен испраќач** и 5 одобренија за **поедноставено декларирање**.

Во декември 2020 година биле активни 184 одобренија за **поедноставени царински постапки** од кои 72 одобренија за локално царинење при увоз/извоз, 69 одобренија за овластен примач во транзит, 38 одобренија за овластен испраќач и 5 одобренија за поедноставено декларирање.

Заклучно со декември 2021 година важечки се 599 **Задолжителни тарифни информации (ЗТИ)** кои ги издава Царинската управа по писмено барање од страна на правно или физичко лице за утврдување на тарифната ознака за одреден тип на стока, со цел да се утврдат царинските и другите давачки или примена на нетарифни мерки за планиран увоз или извоз. Во декември 2020 година биле важечки 579 ЗТИ. ЗТИ има важност од 3 години и придонесува за упростување и забрзување на царинските постапки во делот на тарифно распоредување на стоките, за зголемување на предвидливоста на царинското постапување на економските оператори, како и за еднообразна примена на Царинската тарифа и правилна наплата на царинските давачки.

Во 2021 година издадени се 3 **одобренија за одобрен извозник**, а укинати се 13 одобренија Бројот на издадени одобренија за одобрен извозник заклучно со декември 2021 година изнесува 156, од кои активни се 132. Со издавање на одобрението за одобрен извозник на имателот му се овозможува поедноставување на постапката за докажување на потеклото при извоз, односно му се овозможува да изготвува изјави во фактура со кои го докажува преференцијаното потекло, без разлика на вредноста на стоката за која се однесува изјавата. Ова е особено важно доколку извозникот веќе поседува и одобрение за локално царинење и извозната постапка ја извршува надвор од царинските терминали и надвор од работното време.

Вкупниот број на активни **одобренија за одложено плаќање** на крајот на декември 2021 година изнесува 151, а нивниот број на крајот на декември 2020 година изнесуваше 162.

На крајот на декември 2021 година вкупниот број на **активни акцизни дозволи** по економски оператори изнесува 60. Има 2 **акцизни дозволи за мали дестиларии,** 5 **одобренија за мали производители на пиво** и 7 **одобренија за земјоделци – мали производители на жестоки алкохолни пијалоци**. На крајот на декември 2020 година, вкупниот број на активни акцизни дозволи по економски оператори изнесуваше 60, имаше 4 одобренија за мали производители на пиво и 3 одобренија за земјоделци – мали производители на жестоки алкохолни пијалоци.

На крајот на декември 2021 година вкупниот број на **активни одобренија за повластен корисник** по економски оператори изнесува 207. На крајот на декември 2020 година вкупниот број на активни одобренија за акцизно повластен корисник по економски оператори изнесуваше 197.

## V.4. Наплатени вкупни приходи

Една од основните надлежности на ЦУРСМ согласно Законот за Царинска управа е да врши пресметка и наплата или враќање на извозни и увозни давачки, даноци и други јавни давачки и надоместоци од увоз, извоз или транзит на стока.

Наплатата на јавните давачки е клучен развоен приоритет. Приходите кои ги наплатува ЦУРСМ се дел од вкупните даночни приходи на Буџетот на РМ. Во вкупно планираните приходи за 2022 година, ЦУРСМ во реализацијата треба да учествува со 43%, а во реализацијата на даночните приходи со околу 75%.

Системот за наплата е унапреден и е воведен нов модерен систем во функција, кој овозможува економските оператори своите обврски и уплати да ги гледаат директно во системот и доколку имаат заостанати или повеќе платени обврски, сами да имаат увид и да реагираат согласно законските прописи. Планирано е и воведување на е-плаќање во системот EXIM.




Во 2021 година остварен е **вкупен приход** од **103.472,28** милиони денари. Овој износ е:

- ↑ поголем за 24,70% во однос на **наплатениот приход во 2020 година** во износ од 82.975,00 милиони денари и
- ↑ поголем за 12,81% во однос на **наплатениот приход во 2019 година** во износ од 91.724,64 милиони денари.

## Наплата во периодот јануари-декември 2021 година, споредено со истиот период од 2019 до 2020 година:

*во милиони денари*

| ПЕРИОД | Остварено 2021 | Остварено 2020 | Остварено 2019 |
|---|---|---|---|
| Јануари-декември | **103.472,28** | 82.975,00 | 91.724,64 |
| **ИНДЕКС** | **2021** | **2021/2020** | **2021/2019** |
| Период 2021/'20/'19 | | 24,70% | 12,81% |






# VI. КОНТРОЛА И ПРИМЕНА НА ЗАКОНИТЕ

Во услови на постојани напредни промени во трговијата и современите економски текови, царинските служби мора да држат чекор во процесот на модернизирање и да имплементираат современи работни методи и техники. Се екипираат со алатки за ефикасно управување со ризиците и ги зајакнуваат законските прописи за поуспешно превентивно делување и строго санкционирање.

Царинските администрации координирано делуваат во поглед на обезбедување на наплатата на приходи, спречување на недозволената трговија и други криминални активности, заштита на здравјето и безбедноста, правата на интелектуална сопственост и животната средина.

Во 2021 година Царинската управа продолжи да ги унапредува системите за анализа на ризик, царинско разузнавање, контрола на трговски друштва, истрагите и работата на специјалните единици.

## VI.1. Царинско разузнавање

Во Одделението за разузнавање се прибираа сите видови на информации поврзани со царинското работење од сите можни извори како што се телефонската линија 197, open source (медиуми и социјални мрежи), информатори и.т.н., по што се вршеше проверка и системирање на истите информации со отфрлање на неточните и непотребните, како и процесирање на оние од интерес.

Се разменуваа оперативни информации со службите кои оперираат во области во кои Царината има надлежност, во регионот и странство. Посветено се работеше со воспоставен партнерски однос со меѓународните организации кои се занимаваат со царински активности, меѓу кои Светската царинска организација (СЦО), Регионалните разузнавачки канцеларии за врска (RILO), Европската канцеларија за борба против измама (OLAF), Центарот за спроведување на законот во Југоисточна Европа (SELEC), Канцеларијата на Обединетите нации за борба против дрога и криминал (UNODC) и други,

## VI.2. Управување со ризици

Анализата на ризик и еднообразна примена на царинските контроли се основни за ефикасна наплата на увозните давачки и сузбивање на незаконските активности. Систематски се користат расположливите информации за да се одреди колку често констатираните ризици можат да настанат и во кој обем би предизвикале последици.

Управувањето со ризици е важно за соодветно и рационално распоредување на ресурсите за максимално покривање на областите со детектиран ризик и успешно управување со царинските контроли.

Во областа на управувањето со ризиците, продолжено е со активности за утврдување и профилирање на ризици и начинот на вршење царински надзор во согласност со специфичностите на секоја од царинските постапки и видовите на транспорт.

Во 2021 година беа изготвени или ревидирани поголем број на критериуми на ризик, согласно добиените податоци и информации, како и согласно актуелните текови во меѓународната трговија и измените во регулативата, а со цел олеснување на

трговијата со истовремено зголемување на сигурноста и безбедноста, односно таргетирање на пратки со повисок ризик.

Во рамки на реализација на проектот за имплементација на новиот **СОЦДАД** и потсистемот за анализа на ризик, направени се анализи врз основа на кои се унапредени дефинираните извештаи во системот и се креирани бази на податоци кои служат за анализа и преземање на активности за унапредување на управувањето со ризиците. Во овој период беа креирани бази на податоци и алгоритми за правење анализа со вкрстување на податоците за креирање и управување со ризични субјекти. Во системот НЦТС беа надградени функционалностите во модулот за управување со ризик и истите по извршено тестирање се ставени на продукциска околина.

Како континуитет на **ИПА Твининг проектот „Зајакнување на оперативните и институционалните капацитети на Царинската управа“**, а поради обезбедување на усогласеност со стандардите на ЕУ во делот на управување со ризиците, започната е подготовка за имплементација на препораките од проектот, со ажурирање на интерните упатства и процедури.

Во рамки на активностите на **ЦЕФТА**, поврзани со Регионалната стратегија за управување со ризици 2020-2024, беа одржани неколку работилници посветени на разултатите од трите заеднички акции (спроведени во мај и јуни 2021 година), како и можностите за унапредување на размената на податоци за извршени контроли помеѓу ЦЕФТА страните. Системот за размена на податоци SEED[11] беше унапреден со функционалност за воспоставување на заеднички профили на ризик и евидентирање на резултатите од извршените контроли.

Во овој период беше финализиран блупринтот за управување со ризици за **Новиот национален едношалтерски систем,** во рамките на Проектот за олеснување на трговијата и транспортот во Западен Балкан (кредит од Светска банка).

Претставници на Одделенијата за управување со ризици и за разузнавање, како национална контакт точка, учествуваа во операцијата „STOP II“ организирана од страна на СЦО, а која се однесува на увоз, извоз и транзит на фалсификувани вакцини и медицински материјал во борбата против COVID-19.

Во рамки на соработката со Царинската управа на Кореја, подготвен е предлог проектен документ за имплементација на систем за податочно складирање и интегриран систем за управување со ризици.

## VI.3. Царинска и друга контрола

### VI.3.1. Царинска контрола на влез, излез, транзит и во внатрешноста

Царинска контрола опфаќа контрола на законитоста на влез, излез, транзит на стока и патници во царинското подрачје на Република Северна Македонија и контрола на декларирањето на видот и количината на стоката.

Со примена на системот за анализа на ризик, во 2021 година, во соработка со други државни институции надлежни за контрола на примената на законите, како и врз основа на непосредна проценка на царинските службеници, спроведената царинска контрола резултираше со 76 успешни наоди. Контролата се реализираше и со

[11] SEED – Systematic Electornic Exchange of Data

користење на разновидна опрема донирана од ЕУ и опрема донирана преку Програмата EXBS[12] на Амбасада на САД во Скопје.

За споредба, во 2020 година царинска контрола резултираше со 81 успешен наод.

## Спречување нелегална трговија со наркотички дроги, психотропни супстанци и прекурзори

Во 2021 година, во соработка со Министерството за внатрешни работи, во 6 случаи спречен е обид за шверц на дрога (249,3 килограми марихуана, 4.956 грама хероин и 20 кубни единици метадон), додека во истиот период во 2020 година имаше 1 случај на заплена на дрога (5 килограми хероин).



*Во еден случај марихуана, спакувана во 519 пакувања, била пронајдена во предниот дел на приколката на товарно моторно возило со македонски регистарски таблички, натоварено со отпадна хартија, управувано од македонски државјанин.*



*При контрола на товарно моторно возило со македонски регистарски ознаки управувано од македонски државјанин и пријавено за излез од државата на граничниот премин Дојран, мобилните тимови од Одделението за оперативни работи открија 7 црни најлонски кеси во кои се наоѓале платнени торби со патент и во истите била пронајдена марихуана со тежина од околу 139 килограми. Ќесите со марихуана биле сокриени во предниот дел од приколката, покриени со вреќи со пелети. Пронајдената марихуана и возилото се привремено задржани*

[12] EXBS – The Export Control and Related Border Security (Програма за контрола на извозот и граничната безбедност)

## Спречување нелегална трговија со цигари и други тутунски производи

Во 2021 година откриени се 11 обиди за нелегална трговија со цигари и други тутунски производи (реализирана е заплена на 12.014.760 парчиња цигари, 1.332 килограми сецкан тутун за пушење и 81 килограми тутун за наргиле).



*При контрола на товарно моторно возило со албански регистарски ознаки што било управувано од албански државјанин, на граничниот премин Богородица, пронајдени се пакетчињата со тутун во внатрешноста на 2 перници сместени на креветот во кабината на возилото, како и во преградата за алат на приколката.*



*При контрола на грчки автомобил управуван од грчки државјанин, пријавен за влез во државата на граничниот премин Богородица, во картонска кутија сместена на задното седиште помеѓу куфери и предмети за лична употреба, биле пронајдени околу 7,5 килограми тутун за наргиле (37 кутии по 200 грама).*



*При контрола на куфер, сопственост на македонски државјанин кој имал намера да отпатува со лет од Скопје за Малме, царинските службеници откриле 12.960 парчиња непријавени цигари од марките „Marlboro“, „Davidoff“, „Chesterfield“ и „EVA Slims“, сите со македонски акцизни маркички.*

## Спречување неовластено тргување со лекови и медицински помагала

Во 2021 година има вкупно 2 случаи на заплена на лекови (744 пакетчиња и 1.050 ќесички „Kamagra“).



*При контрола на товарно моторно возило со скопски регистарски ознаки, натоварено со овошје и зеленчук и управувано од македонски државјанин, на граничниот премин Богородица, од страна на Одделението за оперативни работи во 14 кутии сместени во задниот дел на приколката биле пронајдени 744 пакетчиња разни лекови („Inderal“ 40mg таблети, „Lyo-Cortin“ 100mg ампули, „Xylocaine 2%“ 30ml маст, „Butavate Ointment“ 30g креми, „Depakine“ 200 mg таблети, „Vermax“ 100mg/5ml сируп, „Cytotec“ 200mg таблети, „Colchicina/Acardia“ 1 mg таблети и др.).*



*При контрола на македонски автобус што сообраќал на редовна линија Германија-Струга и бил пријавен за влез во државата на граничниот премин Табановце автопат, во 3 пакети сместени во багажниот простор царински инспектори од Одделението за оперативни работи откриле 1.000 антиген тестови за Covid-19 („Hotgen“ тест).*

## Спречување нелегална трговија со прехранбени производи

Во 2021 година спречени се 5 случаи на шверц на прехранбени производи (20 килограми риба, 153 килограми суво овошје, 240 парчиња енергетски пијалоци, 2.760 килограми семе од пченка, 150 килограми кафе и 194 килограми маџун).



*При контрола на автобус со скопски регистарски ознаки што бил управуван од македонски државјанин, на граничниот премин Деве Баир, од страна на Одделението за оперативни работи во тоалетот и во просторот за рачен багаж биле пронајдени 240 лименки со енергетски пијалок „Red Bull“ и 153 килограми суво овошје.*

## Спречување на нелегална трговија со облека, модни додатоци, текстилни производи и репроматеријали

Во 2021 година спречени се 12 обиди на шверц на 1.623 готови текстилни производи и модни додатоци.

*При контрола на патничко моторно возило со македонски регистарски ознаки што било управувано од македонски државјанин, на граничниот премин Табановце Автопат, во багажникот и позади задното седиште на возилото биле пронајдени 67 машки јакни.*



*При контрола на македонско возило од влечна служба, на кое бил натоварен автомобил пријавен за транзитна постапка, при влез во државата на граничниот премин Ќафасан, во багажникот и во внатрешноста на автомобилот биле пронајдени вакумирани кеси со 106 парчиња женска и детска облека (фустани, блузи, бермуди, палта и панталони).*



## Спречување нелегална трговија со други видови стока

Во 2021 година се спречени 42 обиди на шверц на 8.979 парчиња разна стока.

*На Меѓународниот аеродром „Скопје", при контрола на патните торби на македонска државјанка која имала намера да отпатува со лет за Цирих, биле откриени 14 златни и 18 сребрени монети.*



*При контрола на автобус со македонски регистарски ознаки што бил управуван од турски државјанин и пријавен за влез во државата на граничниот премин Деве Баир, царинските инспектори од Одделението за оперативни работи во модифицирана фабрична празнина над задните тркала откриле 20 најлонски кеси со златен накит со вкупна маса од 2.773 грама.*



*При контрола на куфер во сопственост на македонски државјанин со живеалиште во Франција, кој допатувал на Меѓународниот аеродром Скопје со лет од Париз, биле пронајдени непријавени 11 парчиња графички карти „VGA GIGABYTE RTX 3060 EAGLE OC 12G LHR“.*



### Спречување на нелегално изнесување девизи

Во 2021 година се спречени 5 обиди за нелегално изнесување на девизни средства (привремено се задржани 116.000 швајцарски франци, 9.338 евра и 47.500 британски фунти).

*При личен претрес на турски државјанин кој управувајќи автобус со македонски регистарски ознаки се пријавил за излез од државата на граничниот премин Деве Баир, царинските инспектори од Одделението за оперативни работи во внатрешен џеб од неговите панталони откриле две пакувања со вкупно непријавени 100.000 швајцарски франци.*



### Спречување нелегална трговија со козметички производи

Во 2021 година спречен е 1 обид на шверц на 5.000 парчиња жилети.

### Заштита на права од интелектуална сопственост

Во 2021 година во 26 акции привремено се задржани 235.270 парчиња и 1.500 килограми стока (1.500 килограми хартија) поради основано сомневање за повреда на права од интелектуална сопственост.

Беа поднесени и одобрени вкупно 63 барања за преземање на царински дејствија и вкупно 106 барања за продолжувања на рокот за преземање на царински дејствија за

трговските марки. Беа евидентирани вкупно 26 случаи на сомневање на повреда на права од интелектуална сопственост.

Привремено задржаната стока во овој период е прикажана во следната табела:

[redacted]

Во овој период покарактеристични се случаите на привремено задржаните запалки со учество од 48%, цигари со учество од 25%, обувки со учество од 11%, текстилни производи со учество од 9%, парфеми, дезодоранси и козметика со учество од 5% и играчки со учество од 3%. Во однос на потеклото на привремено задржаната стока по оваа основа, доминира Турција со околу 90%, НР Кина со околу 7% и Сингапур со околу 2%.

[redacted]

### Контрола на управувањето со странски возила и јавен превоз

Поради непочитување на прописите за управување со странски моторни возила во Република Северна Македонија изминатата 2021 година Царинската управа привремено задржа **52 патнички моторни возила (ПМВ)**, **18 моторцикли**, **5 мопеди**, **1 скутер**, **1 четирицикл**, **1 полуприколка и 2 товарни моторни возила (ТМВ)**.

Во 2020 година Царинската управа привремено задржа **96 патнички моторни возила** и **11 моторцикли**.

### VI.3.2. Контрола при царинење на стока

Контрола при царинење на стока е контрола на соодветноста на царинските и други документи и стока за царинско постапување согласно регулативата. Оваа контрола се врши при увоз, извоз, транзит и привремен увоз на правни лица и нивните управители, но се однесува и на физички лица, без оглед дали станува збор за резиденти или за нерезиденти.

Врз основа на непосредна царинска контрола при царинење на стока, во 2021 година во 40.510 случаи се откриени несоодветни документи и стока за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, од кои има 37.812 случаи на невалидни, фалсификувани и други несоодветни документи и стока со цел прикажување пониска царинска вредност за пресметка на увозни давачки, 582 случаи на невалидни сертификати за преференцијално потекло на стоките со цел избегнување плаќање на увозни давачки, 293 случаи за несоодветно распоредување во тарифни ознаки за стока со помали увозни давачки, како и 1.823 случаи на презентирање на други видови несоодветни документи за стока заради избегнување на плаќање на увозни давачки и на мерките на трговската политика. Со откриените невалидни и фалсификувани царински и други документи увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 1.242,5 милиони денари на име увозни давачки.

За споредба, во 2020 година во 26.621 случаи беа откриени несоодветни документи за стока за царинење и за усогласеност со мерките на трговската политика, со кои увозниците се обиделе да избегнат плаќање на околу 497.68 милиони денари на име увозни давачки.

Најголем број од невалидните и фалсификувани документи за царинска вредност се однесува на увоз на употребувани патнички моторни возила, употребувана стока, отпадно железо, рекламен материјал, обувки, делови за мебел, синтетичка метража, лекови, стоматолошки инструменти, леќи, фустани, овошје, зеленчук, прехранбени производи, поштенски пратки и др. Откриени се случаи на распоредувањето на стоките во несоодветни тарифни ознаки и се направени записници за потеклото на стоките.

### VI.3.3. Пријавени девизи

Во 2021 година, на граничните премини во Република Северна Македонија, пријавени се вкупно парични средства во противвредност на 13.818.674 евра, сите на влез во Република Северна Македонија.

Од вкупно пријавените девизи 10.927.705 се евра, 1.788.270 се швајцарски франци, 1.157.107 се американски долари, 10.556.476 се македонски денари, 200.000 се шведски круни, 116.905 се канадски долари и 8.000 се британски фунти .

Во однос на царинските испостави, најмногу девизни средства се пријавени на ЦИ Блаце (противвредност на 8.154.327 евра или 59.01%) и ЦИ Аеродром Скопје (противвредност на 3.795.375 евра или 27.47%).

Во 2021 година пријавени се за 128,25% повеќе девизи во однос на 2020 година.

### VI.3.4. Царинска лабораторија

Во 2021 година, во Царинската лабораторија за анализа се **примени 151 мостра**. Најголем дел од мострите се однесуваат на производи од нафта и нафтени деривати, производи од прехранбената индустрија и производи од хемиската индустрија.



Притоа, од вкупно применитe 151 мостра во 2021 година, како и од мострите примени во претходните месеци, а кои се завршени во периодот јануари-декември, во **36** случаи е констатирано дека стоката била распоредена во **несоодветна тарифна ознака**, во **3** случаи на екстра лесно гориво е утврдено дека има помалку обележувач од пропишаното, а во **1** случај во соработка со Државниот пазарен инспекторат е утврдено дека квалитетот на мазут не е соодветен на стандардот за масла за горење. Кај сите случаи се извршени лабораториски анализи.

Несоодветното тарифно распоредување имало за цел распоредување во тарифна ознака со пониска или повисока царинска стапка или стапка на ДДВ, поради што е наложена **дополнителна наплата** на **околу 0,82 милиони денари** јавни давачки.

Во 2020 година беа примени 138 мостри за анализа. Во 22 случаи имаше несоодветно тарифно распоредување, при што беше наложена дополнителна наплата на јавни давачки во износ од околу 0,46 милиони денари.

### VI.3.5. Резултати од постцаринска контрола

Постцаринската контрола опфаќа контрола кај трговските друштва по спроведено царинење, како и надзор на иматели на одобренија за царински постапки со економски ефект, одобренија за поедноставени царински постапки, акцизни дозволи и др.

Во 2021 година ОКТД[13] при 100 контроли на трговски друштва, на податоците за увоз, извоз, поедноставени постапки, одобрен извозник, увоз за облагородување, царинско складирање и царинско застапување, како и по основа на претходно започнати контроли, откри 31 случај на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки во вкупен износ од околу 31,14 милиони денари и 3 случаи на непридржување кон царинските прописи. Обидите за избегнување царински и други давачки се однесуваат на пуштање на стока во слободен промет без истата да е увозно оцаринета, непријавени транспортни трошоци, трошоци за продолжување на гарантен рок, надоместоци за лиценци, неправилно тарифно распоредување и др. При извршени 46 контроли на корисници на ТНГ како погонско гориво или корисници на обележени минерални масла откриени се 4 обиди за барање на поврат на акциза во поголем износ од законски пропишаниот. При извршени 137 контроли на иматели на акцизни дозволи или одобренија и на трговци на големо и мало со минерални масла, како и по основа на завршување на претходни контроли, откриени се 53 случаи на помалку платена акциза во износ од околу 331,61 милиони денари и утврдени се 14 акцизни прекршоци.

Во 2020 година, при извршени 111 контрола на трговски друштва, на податоците за увоз, поедноставени постапки, одобрен извозник, увоз за облагородување, царинско складирање и царинско застапување, како и по основа на претходно започнати контроли, ОКТД откри 31 случај на обиди за избегнување плаќање на увозни давачки во вкупен износ од околу 27,12 милиони денари и 8 случаи на непридржување кон царинските прописи. Обидите за избегнување на увозни давачки се однесуваа на пуштање на стока во слободен промет без истата да е увозно оцаринета, непријавени транспортни трошоци, трошоци за продолжување гарантен рок, надоместоци за лиценци, неправилно тарифно распоредување и др. При извршени 5 контроли на корисници на ТНГ како погонско гориво не беа откриени обиди за барање на поврат на акциза во поголем износ од законски пропишаниот. При извршени 46 контроли на иматели на акцизни дозволи или одобренија и на трговци на големо и мало со минерални масла, како и по основа на завршување на претходни контроли беа

[13] ОКТ – Одделение за контрола на трговски друштва

откриени 23 случаи на помалку платена акциза во износ од околу 371,03 милиони денари и беа утврдени 4 акцизни прекршоци.

### VI.3.6. Преземени правни мерки за откриените неправилности

Покрај непосредно наложување (со записник) на плаќање на поголеми износи на увозни давачки и одземањето на царински и акцизни одобренија, за утврдените неправилности Царинската управа донесува управни решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки и поднесува прекршочни и кривични пријави.

### VI.3.7. Решенија за дополнителна наплата на увозни и акцизни давачки

Во 2021 година Царинската управа на име **дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ** донесе 1.520 решенија во вкупен износ од околу 661,10 милиони денари, од кои:

- 212 решенија за дополнителна наплата во вкупен износ од околу 71,29 милиони денари поради несоодветно распоредување на стоката во тарифна ознака со пониски (или нула) стапки на увозни давачки;
- 253 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 12,95 милиони денари поради невалидни докази за преференцијално потекло на стоката, врз основа на проверка во царинските служби на извозникот;
- 375 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од околу 46,76 милиони денари по други основи; и
- 680 решенија за дополнителна наплата на вкупен износ од 530,10 милиони денари поради непочитување на акцизната регулатива.

За споредба, во 2020 година Царинската управа на име **дополнителна наплата на увозни давачки и ДДВ** донесе 1.680 решенија во вкупен износ од околу 435,10 милиони денари.

### VI.3.8. Кривични пријави

Во 2021 година Царинската управа поднесе **28 кривични пријави** против **36 физички** и **10 правни лица.** Минатата 2020 беа поднесени 24 кривични пријави против 28 физички и 12 правни лица.

### VI.3.9. Царински, девизни и акцизни прекршоци

Во 2021 година поднесени се **591 прекршочна пријава,** од кои 553 за царински прекршоци, 7 за девизни прекршоци и 51 за акцизни прекршоци. Од вкупно поднесените пријави 194 се однесуваат на физички лица и 397 на правни лица.

Во 2020 година беа поднесени **358 прекршочни пријави,** од кои 342 за царински прекршоци, 11 за девизни прекршоци, 1 за повреда на права од интелектуална сопственост и 4 за акцизни прекршоци. Од вкупно поднесените пријави 242 се однесуваа на физички лица и 116 на правни лица.

Во 2021 година решени се вкупно **748 прекршочни предмети** и притоа на сторителите им е изречена **глоба во износ од околу 5,6 милиони денари**. Во 210 предмети покрај глобата изречена е и посебна мерка одземање на стоката предмет на прекршокот, а во 8 предмети за сторен девизен прекршок изречена е мерка одземање

на непријавените девизни средства, кои во денарска противвредност изнесуваат околу 7,2 милиони денари.

Во 2020 година беа решени 689 прекршочни предмети и притоа на сторителите им беше изречена глоба во износ од околу 10,1 милиони денари.

Во 2021 година се изречени **1.682 мандатни казни**[14] против **484 физички лица, 1.198 одговорни лица во правни лица** и **1.198 правни лица**, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 34,24 милиони денари.

Во 2020 година беа изречени 2.323 мандатни казни против 499 физички лица**,** 912 одговорни лица во правни лица и 912 правни лица, при што на сторителите им се изречени казни во висина од околу 13,97 милиони денари.

### VI.4. Учество во меѓународни активности

Во 2021 година Царинската управа зеде учество во:

- **Меѓународниот проект „Global Shield“**, фокусиран на следење на увоз и извоз на хемикалии и други производи што може да се користат за изработка на експлозивни направи (Проектот е континуиран и во него учествуваат сите членки на Светската царинска организација);
- **Меѓународниот проект „OPFA WASTE“**[15], поддржан од Еуропол и фокусиран на управување и трговија со отпад;
- **Меѓународниот проект „UNITE“**, за борба против криминалот врз животната средина;
- **Операциите „Opson X“ и „Opson XI“**, организирани од Интерпол и Еуропол, за спречување на криумчарењето и измамите во трговијата со прехранбени производи и пијалоци, трговијата со фалсификувани прехранбени производи и пијалоци, трговијата со субстандардни прехранбени производи и пијалоци, економски мотивирана замена или додавање на супстанции во производот (EMA), безбедност на храна и пијалоци и нелегално движење на добиток, семиња и агрохемиски производи;
- **Заедничката полициско-царинска операција „Lake 2021“,** организирана и координирана од Еуропол, а фокусирана на борбата против нелегалната трговија со бебиња на Европски јагули („European eels“ – научно име „Anguilla anguilla“, исто така познати како стаклени јагули – „glass eels“), заштитени со Додаток II од Конвенцијата за меѓународна трговија со загрозени видови[16];
- **Меѓународната операција „Goals“**, организирана од RILO AP (Region Intelligence Liaison Office for Asia and the Pacific) и со поддршка на СЦО, фокусирана на борба против нелегалната трговија со синтетички дроги, преку сите видови на транспорт;
- **Меѓународната операција „Stop II“**, организирана и координирана од СЦО, а фокусирана на фалсификувани, нелегални и супстандардни лекови против

[14] Со донесување на новиот Закон за прекршоците („Сл. весник на РСМ“ бр. 96/19) и измените имплементирани во царинското законодавство („Сл. весник на РСМ“ бр. 110/21) повеќе не се издаваат мандатни платни налози, туку исклучиво прекршочни платни налози.
[15] OPFA WASTE – Operational Facility Fighting Illicit Waste Trafficking (Оперативна канцеларија за борба против недозволена трговија со отпад)
[16] Convention on the International Trade in Endangered Species - CITES (Appendix II)

COVID-19, како и медицински материјали и вакцини поврзани со борбата против пандемијата COVID-19, кои може да претставуваат закана за здравјето и безбедноста на потрошувачите;

- **Меѓународната операција „Waste Trafficking“**, организирана од Европол, за спречување на илегалната трговија со сите видови на отпад и загадување на животната средина во земјите од Балканскиот Полуостров;
- **Меѓународната операција фокусирана на спречување на илегалната трговија со F-гасови**, иницирана од Холандија во рамките на „EMPACT[17] Envicrime[18] OA1.2“, а организирана и координирана од Европол;
- **Меѓународната царинско-полициска операција „Pandora VI“**, фокусирана на нелегална трговија со културни добра и организирана во рамки на „EU EMPACT“ иницијативата;
- **Меѓународната операција „Armstrong VIII“**, организирана од Австрија во соработка со Европол, за борба против нелегалната трговија со оружје, делови за оружје и муниција, во поштенски пратки и брзи пратки;
- **Меѓународната заедничка полициско-царинска акција „Joint Action Day South East Europe 2021 (JAD South East Europe 2021)**“, организирана во рамки на „EMPACT FIREARMS[19]“ проектот, координирана од Шпанија и во соработка со Европол, а насочена против недозволената трговија со огнено оружје и муниција, недозволената трговија со дрога и илегалната миграција;
- **Меѓународната операција „Ludus II“**, организирана и координирана од Европол со подршка на ОЛАФ и Светската царинска организација и ко-лидерство на Шпанија и Романија, фокусирана на фалсификувани играчки, училишен прибор (детски ранци, ташни и несесери, тетратки, моливи, пенкала и слично), детски велосипеди, трицикли, тротинети, колички со акумулатори и слично, разна опрема за игри на отворено, разни игри за на маса, батерии за играчки, како и делови за играчки и игри (како на пример џојстици и др.).

Во 2021 година Царинската управа внесе во **CEN[20] базата** податоци за 64 заплени, во **„ZKA Balkan Info“[21]** податоци за 1 заплена и достави 45 информации за запленета стока до **SELEC Центарот[22]**.

[17] EMPACT – European Multidisciplinary Platform Against Criminal Threats (Европска мултидисциплинарна платформа против криминалните закани)
[18] ENVICRIME – Environmental Crime (Еколошки криминал)
[19] Firearms (Огнено оружје)
[20] CEN – Customs Enforcement Network (Царинска мрежа на податоци за спречување на криминалот)
[21] Balkan Route Data Collection and Dissemination System (Balkan Info) – Систем за собирање и дистрибуција на податоци за Балканската рута (Балкан Инфо), координиран од Германската служба за царински криминал (ZKA)
[22] SELEC - Southeast European Law Enforcement Center (Центар за спроведување на законот во Југоисточна Европа)

# VII. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И СОРАБОТКА ВО ОБЛАСТА НА ЦАРИНАТА

## VII.1. Односи со јавноста

Транспарентноста на една институција е клучна при воспоставувањето на добри односи со сите целни групи и градење на поволен публицитет, добар институционален имиџ и спречување или решавање на несакани појави. Во таа насока, во 2021 година редовно се објавуваа соопштенија за активностите на Царинската управа, воведените новитети во царинското работење, како и за откриена непријавена и фалсификувана стока и царински измами.

### VII.1.1. Позначајни настани

**18-ти Јануари 2021 година - започната постапка за меѓународна валидација и акредитација на Програмата за Овластен економски оператор во рамки на ЦЕФТА**

Во декември 2021 година потпишан е **Протокол помеѓу Министерството за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија и Министерството за финансиии – Царинска управа на Република Србија за спроведување на Спогодба помеѓу Владата на Република Северна Македонија и Владата на Република Србија за взаемно признавање на одобренијата за овластен економски оператор – безбедност и сигурност (ОЕОС)**.

**26-ти Јануари - Меѓународен ден на Царината**

Меѓународниот ден на Царината беше одбележан под слоганот „**Царината – потпора за оправување, обнова и отпорност за одржлив синџир на снабдување**“.

Беа доделени пофалници од Светската царинска организација на компании за посебна деловна соработка и на царински службеници за посебни остварени резултати во работењето.

**4-ти Март, организиран настан „Жените во Царината“**

Организирањето на настанот беше поттикнато од Стратегијата на Владата на Република Северна Македонија за родова еднаквост, а во пресрет на 8-ми Март – Меѓународниот ден на жената.
Беше упатена порака – охрабрување до сите вработени, а особено жените, да делуваат проактивно на секое поле и заеднички, доследно и професионално да ја остваруваат мисијата на Царинската управа.

**14-ти Април 2021 година- одбележани 29 години од основањето на Царинската управа**

По повод празнувањето беа доделени плакети и пофалници на вработени во Царинската управа и надворешни соработници.

Беше организирана хуманитарната акција посветена на „Родителска куќа“, каде се сместени родителите чии деца се пациенти и примаат терапија на Хемато-онколошкото Одделение на Универзитетската клиника за детски болести.

**138-ми состанок на Советот за царинска соработка на Светската царинска организација**

На состанокот беше презентиран и усвоен извештајот за работата на СЦО и најзначајните постигнувања во изминатиот период – Акционен план за КОВИД-19, усвојување на измените на Хармонизираниот систем што почнаа да се применуваат од 01.01.2022 година. Беа усвоени новиот пакет на СЦО за Е-трговија што на земјите членки треба да им обезбеди подобри услови за примена на прекуграничната е-трговија и новиот пакет SAFE – за сигурност и олеснување на меѓународната трговија.

**15-ти Јули – Централен настан на граничниот премин Ќафасан-Ќафтане на Проектот за заеднички контроли поддржан од „EDGE-USAID“**

Проектот **„Зајакнување на ефикасноста на заедничките контроли на граничниот премин Ќафасан-Ќафтане помеѓу Република Северна Македонија и Република Албанија, со цел олеснување на тровијата и транспортот, прекугранична соработка и инвестиции“** е реализиран преку грант одобрен од Програмата на УСАИД за економски развој, управување и раст на претпријатијата.

**Царинската управа меѓу трите институции со најголем напредок и високо ниво на подготвеност во Извештајот на Европската комисија**

Потврден е постигнатиот добар напредок во континуираната консолидација, примена и надградба на ИТ системите во Царинската управа. Нотиран е напредокот во имплементацијата и промоцијата на концептот Овластен економски оператор (ОЕО), како и целосната функционалност и оперативна примена на безхартиено работење преку Електронскиот систем за обработка на царинските декларации и акцизни документи – СОЦДАД. Воспоставени се зелени коридори на клучниот граничен премин со ЦЕФТА земјите, обезбедувајќи непречен проток на стоки од појавувањето на кризата предизвикана од КОВИД-19.

**26 Октомври – завршна работилница за финалниот Блупринт документ за изработка на новиот Национален едношалтерски систем (NSW)**

Со имплементацијата на новиот Национален едношалтерски систем, Република Северна Македонија треба да воспостави нов иновативен концепт за олеснување на трговијата, обезбедувајќи нови услуги за економските оператори и поефикасни контроли, применувајќи ги најсовремените технолошки достигнувања во дигиталната трговија.

Целосната реализација на проектот и пуштањето во примена на Новиот едношалтерски систем се планира во 2024.

**16 Декември – учество на 18-тиот состанок на Поткомитетот за трговија, индустрија, царина и оданочување**

Преку концизен приказ претставниците на Европската Комисија беа информирани за напредокот остварен во реформите во периодот помеѓу двата Поткомитети. Исто така беа информирани за сегашните и идни активности кои ќе се преземаат со цел понатамошна хармонизација на законодавството и институционално зајакнување на Царинската управа. Се преземаат и мерки за справување со COVID 19 кризата, но и активности во рамки на иницијативата Отворен Балкан. Европската Комисија ги презентираше и новините во е-трговијата на ниво на Унијата.

### VII.1.2. Меѓународна соработка

#### Делегација на Европска унија во Скопје

Делегацијата на Европската унија ја поддржува реализацијата на стратешката цел на Владата на Република Северна Македонија и Царинската управа за ЕУ интеграција. Се фининсираат проекти за надградба на капацитетите на знаења, опрема за подобрување на техничкиот капацитет, надградба и имплементација на нови ИТ системи и подобрување на инфраструктурата на граничните премини.

#### Светска царинска организација

Високи претставници на Царинската управа зедоа учество на 138-от состанок на Советот за царинска соработка на Светската царинска организација (СЦО), одржан од 24-26 јуни 2021 година. СЦО е глобален меѓународен признат центар на царинска експертиза и има водечка улога во развојот, промовирањето и спроведувањето на современи царински системи и процедури. На состанокот беше презентиран и усвоен извештајот за работата на СЦО и најзначајните постигнувања во изминатиот период – Акциониот план за КОВИД-19, усвојување на измените на Хармонизираниот систем што почнаа да се применуваат од 01.01.2022 година. Беа усвоени новиот пакет на СЦО за Е-трговија што на земјите членки треба да им обезбеди подобри услови за примена на прекуграничната е-трговија и новиот пакет SAFE – за сигурност и олеснување на меѓународната трговија. Исто така, беа разгледни точки што се однесуваат на Хармонизираниот систем, одделни технички царински прашања кои се од суштинска важност за Царината како што се градење на капацитети, тарифно распоредување и трговија, усогласување и олеснување.

#### Соработка преку мрежите на царинските аташеа

Изминатата година интересот за взамена соработка е потврден при средбите и конкретните активности со царинските аташеа на Република Франција, Сојузна Република Германија и Обединетото Кралство.

Презентирани се приоритетните потреби за техничка помош и поддршка во стручното оспособување, особено за цели на воведување на нови современи методи на спроведување на контрола и разоткривање на нелегални операции.

Успешно се финализирани постапките поврзани со тековни случаи на истражување и гонење на кршење на царинските прописи.

Поддршката на британската Царина беше конкретизирана со активности за борба против корупцијата и сивата економија, како и сузбивањето на недозволив проток на стоки, нелегална трговија со дроги и други опојни супстанци и други облици на криумчарење.

## Билатерална соработка со странски царински служби

При работна посета на **Царинската управа на Република Хрватска** (23 септември 2021 година), потврден беше заедничкиот интерес за размена на искуства од областа на примена на законодавството на Европската унија (во делот на царинските прописи и акцизни давачки).



Искуствата кои Царината на Хрватска како стратешки партнер и близок соработник ги споделува од областа на воведувањето на систем за следење на акцизни производи е од особено значење за подигнување на стандардите за царинското работење во Република Северна Македонија.

На регионална средба со Вернер Тури, регионален директор на **Царината во Република Австрија** и водач на Твининг проектот финансиран од ИПА 2 „Подобрување на наплатата на приходите и даночните и царинските прописи“ (корисници Министерство за финансии, Управа за јавни приходи и Царинска управа), беа потврдени придовивките од заедничката соработка.



Придобивките се евидентни во подобрување и усогласување на националното даночно и царинско законодавство со законодавството на ЕУ, како и примена на најдобрите практики, подобрување на економската анализа и предвидување и моделирање на приходите, што придонесува за подобрување на оперативните и административните капацитети на клучните институции во системот.



На неформален состанок со делегација на **Царинска управа на Република Косово** (28 септември 2021 година) се дискутираше за започнување на заедничките контроли во царинските постапки во железничкиот сообраќај на граничниот премин Хани и Елезит, согласно неодамна склучениот билатерален договор. Покрај тоа, беа разменети идеи за воспоставување на зеднички контроли и во патниот сообраќај на граничниот премин Блаце-Хани и Елезит.



Во насока на продолжување на добрата соработка помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и **Царината на Кореа**, се одржа виртуелен состанок за отпочнување на Проект кој ќе го поддржи градењето на капацитетите на Царинската управа.

Овој проект е особено значаен во делот на е-трговијата и воедно ќе придонесе за воспоставување на баланс помеѓу олеснета и забрзана испорака на пратките и зголемена наплата на буџетските приходи од овој вид на трговија. Проектот ќе се имплементира во текот на 2022-2023 година и значаен бенефит од него ќе имаат малите и средни претпријатија преку поширок пристап до странските пазари со намалување на влезните бариери и намалување на оперативните трошоци. Во тек е изработка на физибилити студија за потребите на Проектот, а во насока на модернизација на Царината.

### VII.1.3. Меѓуинституционална соработка

#### Заедничка борба против корупцијата

На 24 март 2021 година вицепремиерот Николовски на Граничниот премин Табановце одржа работна средба со Горан Сугарески, директор на Царинската управа и Вирџинија Абајо-Маркез, раководител на проектната канцеларија на Обединетите нации за дрога и криминал во Белград и регионален советник за борба против корупција и поврат на имот за Западен Балкан. Абајо-Маркез посочи дека Царинската управа е важна институција за откривање на корупција, особено при трговијата, и позитивно ги оцени мерките од Планот за борба против корупција, како и ентузијазмот и заложбата на Владата за воведување системски промени и мерки.




## Соработка со Јавното обвинителство

Договорено е интензивирање на соработката помеѓу Јавното обвинителство и Царинската управа преку воспоставување на заедничка линија за борба против корупцијата и со взаемна решеност за подобрување на ефикасноста на системот во борбата против криминалот.

## Царинската управа и Државната комисија за спречување на корупција договараат поефикасно антикорупциско делување

Заеднички се делува за воспоставување ефикасен систем за превенирање и сузбивање на корупцијата. Соработката помеѓу двете институции посебно доаѓа до израз при учеството на Царинската управа во изготвување на стратешки национални документи за превенција и репресија на корупцијата и судирот на интереси, како и во учеството во ИПА проекти во доменот на антикорупциско делување и зајакнување на капацитетите ангажирани во оваа заедничка борба.

## Соработка со Министерството за финансии

Сите активности на унапредување и модернизирање на работата на Царинската управа се поддржувани од Министерството за финансии. Останува заложбата за понатамошна успешна соработка во насока на поедноставување на царинските постапки, зголемување на конкурентноста на домашната економија и намалување на трошоците на економските оператори.



## Соработка со Министерството за внатрешни работи

Со Министерството за внатрешни работи беа договорени заедничките активности и начинот на соработка, соработката на граничните премини и долж граничната линија, контролата на прекуграничниот сообраќај, контролата со едно застанување, како и соработката за спречување и борба против криминални активности и прекршоци.



## Борбата против организиран финансиски криминал – заедничка цел на Царинска управа и Управата за финансиска полиција

Двете институции ја потврдија заложбата за сузбивање на организираниот финансиски криминал, со решеност да се интензивира досегашната добра меѓуинституционална соработка во насока на ефикасно преземање на активности во борбата против финансискиот криминал и перењето на пари.

## Министерство за транспорт и врски – соработка околу подобра функционалност на граничните премини

Царинската Управа е во постојана соработка и координација со Министреството за транспорт и врски, особено за реализација на сите градежни работи (градба и реконструкција) кои се изведуваат на граничните премини, а за кои Царинската управа има законски ингеренции. За унапредувањето на граничните премини од особена важност се пристапните патишта кои се услов за непречен проток на стока и патници, а се во надлежност на Министерството за транспорт и врски.

### Управа за јавни приходи




Договорено е да се спроведуваат паралелни проекти кои ќе овозможат поефективна размена на податоци, што ќе помогне при контрола на царинските декларации од страна во Царинската управа и контрола на даночните пријави во УЈП. Со ова ќе се овозможи подобро планирање на јавните приходи и подобро управување со ризикот од неплатени јавни давачки за чие прибирање се надлежни овие две институции.

### Интензивирана соработката со Државниот пазарен инспекторат

Царинската управа и инспекциите работат заедно и на граничните премини и во внатрешните царински испостави и соработката треба да се интензивира и унапредува за постигнување на подобар квалитет во контрола и назор. Со Државниот пазарен инспекторат се договорени активности за зголемување на ефективноста и координацијата, со посебен фокус на сериозноста на проблемот и обемот на штетите што го предизвикува нелегалната трговија со тутун и тутунски производи.

На посебни работни средби беа разгледани практичните аспекти за размена на податоци и информации за ефикасни контроли, како и протоколот за соработка при вршење на заеднички контроли при увоз на масло за горење – мазут. Ефикасната размена на податоци и информации, заедно со протоколот за соработка, се резултат на залoжбите на Владата на Република Северна Македонија за зголемена контрола на квалитетот на нафтените деривати кои се увезуват и користат на територијата на државата, а во интерес на заштитата на здравјето на граѓаните и заштитата на животната средина.

### Соработка со Државниот инспекторат за земјоделство и Фитосанитарната управа

Со цел понатамошна дигитализација и оленување и забрзување на увозно-извозните постапки при прекуграничниот промет на замјоделските производи, договорено е да започнат интензивни активности помеѓу трите институции, за воведување на електронски фитосанитарен сертификат (е-Фитосертификат). На заеднички состанок меѓу институциите беа разгледани и тековни прашања, поврзани со примената на новиот Правилник за листи на штетни организми, растенија, растителни производи и други објекти и предмети, кој почна да се применува од септември 2021 година. Во тој дел се дискутирше и за унапредување на соработката и одржување на заеднички обуки на бизнис заедницата, инспекторите од Државниот инспекторат за земјоделите и царинските службеници.

### Царинска управа и А.Д. Пошта со прилагодувања кон развојот и дигитализација на е-трговијата

Во ноември 2021 година се одржа состанок помеѓу м-р Славица Кутиров, директор на Царинската управа и Јани Макрадули, директор на Македонски пошти. Потврдена беше досегашната добра соработка помеѓу двете институции која беше оценета како неопходна и во интерес на олеснување на протокот на писмоносни и други пратки и

заштита на безбедноста и здравејто на граѓаните. Тема на дискусија на состанокот беше понатамошната дигитализација и усогласување на електронските системи за размена на информации поврзани со пратките кои пристигаат преку Македонски пошти, како носители на поштенски услуги во Република Северна Македонија. Унапредувањето на размената на податоци и информации за пратките е и во насока на исполнување на обврските на Македонски пошти согласно меѓународните правила за поштенските пратки кои се од обврзувачки карактер. Заклучено беше дека е потребно да се продолжи со средби на стручно-експертско ниво со цел целосна имплементација на меѓународните правила за писмоносните и други пратки кои ги превезува Пошта.

Во претходната 2020 година се спроведе Проект за модернизација на царинското работење во е-трговија и во поштенскиот сообраќај помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Царината на Кореа. Во 2021 година ГИЗ[23] започна нов регионален проект за модернизирање на прекуграничната е-трговија и поштенското царинско работење во рамки на ЦЕФТА.

### VII.1.4. Соработка со деловната заедница

#### Советодавно тело

На состаноци на Советодавното тело[24] при Царинската управа, се разгледуваа актуелни прашања од областа на царинското работење и барања на деловната заедница. Претставниците на деловната заедница беа запознаени со предлог измените на Законот за застапување, со кои се предвидени неколку олеснувања во постапката за добивање на лиценца за царински застапник и во целокупното работење на царинските застапници.

Сојузот на стопански комори даде предлози за одредени измени на Царинскиот закон кои беа разгледани во конструктивна дебата. Претставниците на Советодавно тело беа информирани и за последните измени на царинското законодавство, согласно измените на Законот за прекршоци.

Беше презентиран актуелниот статус на Проектот за воведување на Новиот едношалтерски систем, како и идните активности поврзани со системот.

Претставниците на деловната заедница беа запознаени и консултирани и околу нов концепт за одржување на обуки, односно обуките на бизнис заедницата од областа на царински постапки да се планираат и одржуваат преку стопанските комори.

Со новиот подготвен Деловник за работа на Советодавното тело се обезбедува подобра меѓусебна координација со цел да се олесни протокот на трговијата и да се избегне удвојување на работата.

---

[23] GIZ – Deutsche Gesellschaft für Internationale Zusammenarbeit (Германско друштво за меѓународна соработка)

[24] Во Советодавно тело членуваат: Царинска управа, Стопанска комора на РСМ, Сојуз на стопански комори на РСМ, Стопанска комора на Северозападна Македонија, Американска стопанска комора во РСМ, Македонија Сообраќај – АМЕРИТ, Групација на шпедитери и логистички оператори – МИФА, Текстилно трговско здружение – Текстилен кластер, Стопанска комора за информатички и комуникациски технологии – МАСИТ, Холандска стопанска комора, Македонско Бугарска стопанска комора, Унија на Германски комори за трговија и индустрија – Преставништво Скопје, Стопанска комора на РС Македонија-Турција

## Нови активности договорени со стопанските комори

Сојузот на стопански комори иницира заеднички активности во насока на намалување на сивата економија и беше договорена заедничка обука на високо ниво со приватниот сектор за борба против корупција.

Со Договор за соработка помеѓу Стопанска комора на Северна Македонија и Царинска управа (склучен во декември 2021 година) е уредена соработка и спроведување на обуки од областа на царинското работење, за едукација на економските оператори. Обуките ќе се реализираат според договорен План за обуки, со анагажирање на стручни лица од Царинската управа.




Успешната соработка помеѓу Стопанската комора на Северна Македонија и Царинската управа беше потенцирана и на прес конференцијата што се одржа во декември 2021 година во просториите на Стопанската комора, на која присуствуваа претседателот на Комората г. Бранко Азески, министерот за финансии г. Фатмир Бесими, директорката на Царинската управа г-ѓа Славица Кутиров и извршниот директор на Комората г. Антони Пешев.

## Советувања за компаниите

Една од главните цели на нашата работа се дигитализацијата и олеснувањето на трговијата и тоа не само како декларативна определба, туку преку конкретни проекти, мерки и активности да придонесеме за унапредување на деловната клима и воопшто за подобрување на условите за водење на бизнис. Напредокот на Царината треба да оди паралелно со напредокот и интересите на деловната заедница и затоа секогаш сме подготвени да ги слушнеме барањата и потребите на економските оператори.

На средби со **царинските застапници** како директни учесници во царинската постапка, отворено е разговарано за предлозите, приоритетите, поплаките и сугестиите. При дискусија за конкретни ситуации со кои се соочуваат во секојдневното работење, царинските застапници ја имаа можноста да настапат со конкретни прашања во врска со одредени царински постапки на кои добија одговори од стручните царински службеници.

Беше одржан „Отворен ден со Царинска управа на РСМ“ (на 19 октомври 2021 година) во организација на Сојузот на стопански комори, на кој високи претставници од Царинската управа преку видео врска одговараа на прашањата од фирмите членки на

Сојузот, што беше и цел на настанот – преку отворена дискусија да се дојде до полесно надминување на предизвиците на компаниите во остварувањето на своите деловни активности.

### VII.1.5. Други иницијативи (на национално и меѓународно ниво)

На 4 февруари 2021 година, на средба со претставници на Канцеларијата на Обединетите нации за дрога и криминал (UNODC) беа договорени активностите и обврските што произлегуваат од формирањето на национална аеродромска меѓуагенциска група на меѓународниот Аеродром „Скопје“.



Во октомври 2021 година одржана беше уште една средба за да се прецизираат завршните активностите кои произлегуваат од проектот. На состанокот беше потенцирано дека од особено значење за Царинската управа е континуираната поддршка од UNODC преку координирани активности за јакнење на капацитетите во спречување на меѓународниот криминал и тероризам.

Акцијата се спроведува во соработка со Регионалната програма на UNODC за Југоисточна Европа, со Програмата за контрола на контејнери[25] (CCP – градење на капацитети за управување со ризик, безбедност на синџирот за снабдување и олеснување на трговијата на пристаништата, аеродромите и копнените гранични премини за да се спречи прекугранично движење на недозволена стока) на UNODC и СЦО, како и Проектот за комуникација на аеродромите (AIRCOP – воспоставување на оперативна комуникација во реално време меѓу аеродромите заради спречување и борба против прекуграничниот криминал и тероризам) на UNODC, СЦО и Интерпол.

#### Успешната соработка преку Програмата за контрола на извозот и гранична безбедност (EXBS) при Амбасадата на САД продолжува

Во изминативе години, преку Програмата EXBS се реализирани бројни обуки (136 настани) и повеќе донации на опрема од страна на Амбасадата на САД. За Царинската управа е обезбедена оперативна опрема која се користи во секојдневното работење на царинските службеници, како поддршка на севкупното царинско работење и исполнување на обврските и заложбите на Царинската управа.



Во октомври 2021 година Програмата за контрола на извозот и граничната безбедност (EXBS) при Амбасадата на САД, на Царинската управа ѝ додели опрема за осовременување и подобрување на процесот на обуки. Опремата беше предадена на

[25] UNODC-WCO CCP – United Nations Office on Drugs and Crime – World Customs Organizations Container Control Programme

Славица Кутиров, директор на Царинската управа од страна на Мери Стиклс, регионален советник за EXBS за регионот на Западен Балкан и соработниците. Оваа опрема што царинските службеници ќе ја користат во нивното стручно оспособување и надградба, ќе придонесе за поефикасна и поефективна борба против прекуграничниот криминал и за постигнување на подобри резултати во откривањето и спречувањето на недозволената трговија и заштита на границите.

### Шести неформален регионален состанок на директорите на царинските управи од Западен Балкан

На шестата неформална средба на директори и високи службеници од царинските служби од Западен Балкан (одржана во Тирана, Албанија на 30 јуни 2021 година) беа потврдени задничките заложби за зајакнување на довербата помеѓу царинските администрации и помеѓу граничните инспекциски органи за подобрување на соработката и поголема размена на информации и идеи.

### Учество на Царинската управа во иницијативата „Отворен Балкан“

М-р Славица Кутиров, директор на Царинска управа учествуваше на состанокот организиран во рамките на иницијативата „Отворен Балкан“, на 9 ноември 2021 година. Состанокот го предводеа Никола Димитров, заменик претседател на Владата на Република Северна Македонија задолжен за европски прашања, Александар Вучиќ, претседател на Република Србија и Еди Рама, премиер на Владата на Република Албанија. Присуствуваа и претставници на стопанските комори, ресорните министерства за финансии, економија и земјоделство, како и претставници од националните агенции за безбедност на храната и царинските и даночните управи од трите земји. Состанокот беше со цел да се утврдат проблематичните точки за олеснување на трговијата, со посебен фокус на увозот, извозот и транзитот и практичните начини за нивно надминување, како чекори што треба да се преземат до следниот лидерски состанок во Тирана.

Во декември 2021 година преку видео конференциска врска се одржа уште еден координативен состанок во рамки на иницијативата Отворен Балкан на кој присуствуваа министри, директорите на царинските управи, како и претставници од нацонални агенции за безбедност на храна, даночни управи и стопански комори од трите земји. За време на состанокот присутните информираа за преземените активности и степенот на реализација на заклучоците кои произлегоа на средбата во Ниш која се одржа од 13-14 ноември 2021 година. М-р Славица Кутиров, директор на Царинската управа на Република Северна Македонија потенцираше дека Царинската управа е посветена на тоа активностите во нејзина надлежност да бидат навремено и ефикасно реализирани. Информираше за потпишаниот Протоколот за взаемно признавање на одобренијата за Овластен економски оператор (ОЕО), што беше еден од заклучоците на министерскиот состанок во Ниш. Беше договорено унапредување на веќе воспоставените заеднички контроли.

Беа разменети информации и за активностите за меѓусебно признавање на Овластен економски оператор и воспоставување на „One Stop Shop“ со Република Албанија.

### Средба со претставници на ICITAP

ICITAP[26] на средба со претставниците на Царинската управа ја потенцираше целта на својата мисија – поддршка за професионализација на вработените во делот на истрагите, со цел доближување на нивото на професионалност до светските стандарди, преку имплементација на стручни, но и персонализирани обуки кои успешно се спроведени во повеќе земји и покажале одлични резултати.



Мисијата која беше претходно насочена кон професионализација на инспекторите во Министерството за внатрешни работи и Финансиската полиција, во периодот што следи ќе ги вклучи и професионалците од Царинската управа.

### Продолжува соработката со УСАИД - канцеларија за економски развој, управување и раст на претпријатијата

Во ноември 2021 година м-р Славица Кутиров, директор на Царинската управа оствари состанок со Јасминка Варналиева, раководител на Канцеларијата УСАИД и Гордана Тошева, експерт за олеснување на трговијата – Канцеларијата УСАИД – Економски развој, управување и раст на претпријатијата (USAID-EDGE)[27].



На средбата беше поздравена досегашната повеќегодишна соработка, особено успешното спороведување на проектот – грант за Зајакнување на ефикасноста на заедничките контроли на граничниот премин Ќафасан, што се реализираше во текот на минатата годинава со поддршка на USAID-EDGE и е во завршна фаза. Детално се дискутираше за можностите и областите во кои може да се продолжи со поддшката за Царинската управа, опфатени во стратешките приоритети за олеснување на трговијата, дигитализација и заштита на општеството, поддршка во активностите опфатени со ЦЕФТА и Отворен Балкан. Посебен акцент е ставен на активностите за воспоставување на заеднички гранични премини со Албанија и Косово, кои се важен дел од меѓународните активности кои Царинската управа ги спроведува во интерес на регионалниот развој.

## VII.1.6. Нови склучени договори и меморандуми за соработка

### Со државните институции

- **Меморандум за соработка меѓу Царинска управа на Република Северна Македонија и Државен пазарен инспекторат** (склучен на 21 септември 2021

[26] ICITAP – International Criminal Investigative Training Assistance Program (Меѓународна програма за помош за обука во криминалистичка истрага)
[27] USAID regional Economic Development, Governance and Enterprise Growth – EDGE Project

година), со кој се регулира меѓусебна соработка за зголемена контрола на квалитетот на нафтените деривати кои се увезуваат и користат на територијата на државата, а во интерес на заштитата на здравјето на граѓаните и заштитата на животната средина. Се прецизираат надлежностите и се утврдуваат постапки на размена на информации, земање на мостри за лабараториска анализа за квалитативни параметри на нафтени деривати, процедура по добивање на резултати од лабораториска анализа и практикување на редовни средби за разгледување на резултатите, отстранување на утврдени недостатоци или организирање на специјални обуки за размена на најдобри искуства и практики, а со цел спроведување на брзи и ефикасни контроли на нафтени деривати кои се увезуваат во Република Северна Македонија.

- **Договор за соработка и размена на информации во електронска форма помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Државниот пазарен инспекторат** (склучен во октомври 2021 година), со кој се регулира начинот и условите под кои Државниот пазарен инспекторат ќе користи податоци од Царинската управа и обратно, согласно нивните потреби.
- **Договор за користење на податоци преку Интернет дистрибутивен систем, склучен помеѓу Централен регистер на Република Северна Македонија и Министерството за финансии – Царинска управа на Република Северна Македонија** (склучен во октомври 2021 година), со кој се регулира користење на производи (збир на податоци) преку интернет дистрибутивниот систем на давателот на услугата, достапен 24 часа на ден, без наплата на надомест.
- **Договор за размена на податоци помеѓу Царинската управа на Република Северна Македонија и Управа за водење на матичните книги** (склучен во ноември 2021 година) со кој се регулраат условите под кои Царинската управа ќе користи податоци од УВМК за извршување на своите законски надлежности.

### Со деловната заедница

- **Анекс на Меморандум за соработка склучен помеѓу Асоцјацијата за е-трговија на Македонија и Царинската управа на Република Северна Македонија** (склучен во септември 2021 година), со кој се уредува соработката со цел постигнување на развој на е-трговијата во Република Северна Македонија, создавање на услови за имплементација на современите достигнувања во е-трговијата во секојдневното живеење на граѓаните и развивање на способностите за дигитална писменост и градење на капацитетен пазар на труд во секторот за е-трговија во државата.
- **Договор за соработка помеѓу Стопанска комора на Северна Македонија и Царинска управа на Република Северна Македонија** (склучен во декември 2021 година), со кој се уредува соработка и спроведување на обуки од областа на царинското работење, за едукација на економските оператори. Обуките се реализираат со анагажирање на стручни лица од Царинската управа.

## VII.2. Отворена царинска телефонска линија (197)

На отворената царинска телефонска линија (197) во 2021 година добиени се вкупно 4.006 повици или во просек 11 повици на ден и тоа: „А“[28]класа – 12 повици, „Б“[29] класа –

[28]„А“ класа се информации кои бараат неодложна акција од страна на испостава или мобилна екипа.

23 повици, „С“[30] класа – 128 повици и „Ј“[31]класа – 38 повици. Најголем број се однесуваат на прашања поврзани со функционирањето и состојбата на граничните и внатрешните царински испостави, како и на спроведувањето на одделни царински постапки. Како резултат на процесирање на добиените повици на отворената царинска линија извршени се контроли од страна на граничните и внатрешните царинските испостави, како и од мобилните тимови, а надлежните служби извршија обработка, анализа и истрага од доменот на нивното работење.



[29] „Б“ класа се информации кои бараат понатамошни дополнителни испитувања од други одделенија во Секторот за контрола и истраги или од други одделенија во Царинска управа.

[30] „С“ класа се информации што неможат да се користат, односно се повици за пријава на застои од страна на превозни компании, поплака или пофалба на царински процедури.

[31] „Ј“ класа информации проследени до Сектор за професионални стандарди, а кои се однесуваат на жалби на граѓани за коруптивно и непрофесионално работење на царинските работници.